Прилог 1 - Образец за Извештај од самоевалуација

Република Северна Македонија
УНИВЕРЗИТЕТ "СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ" СКОПЈЕ
ФАКУЛТЕТ ЗА ДРАМСКИ УМЕТНОСТИ
Бр. 08-367/1
21.08 2024 год.
СКОПЈЕ

До
Одбор за евалуација
Агенција за квалитет во високото образование
Кеј Димитар Влахов 4,
II-Кат Стара Комерцијална Банка
1000 Скопје

# ИЗВЕШТАЈ ОД САМОЕВАЛУАЦИЈА

| Податоци за високообразовната установа | |
|---|---|
| Назив | Република Северна Македонија, Универзитет „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, Факултет за драмски уметности -Скопје. |
| Седиште | Адреса: ул. „Руѓер Бошковиќ" бр.22 п.фах 134, 1000 Скопје, Република Северна Македонија |
| Контакт информации | |
| Овластено лице на установата (име и презиме, службени контакт информации) | Бесфорт Идризи<br>besfort.idrizi@fdu.ukim.edu.mk<br>02/ 3062 - 188 |
| Координатор за надворешна евалуација на установата (име и презиме, службени контакт информации) | N/A |
| Основ за надворешната евалуација | ☐ Годишен план<br>× Барање на високообразовната установа<br>☐ Барање на Националниот Совет за високо образование и научно-истражувачка дејност<br>☐ Барање на министерот надлежен за високото образование |
| Период за кој се однесува извештајот | Октомври 2023 - Јуни 2024 |
| Одлука за формирање на стручната комисија (број на одлука и датум) | 0202-207/3 од 17.04.2024 год. |
| Дали беше поднесен приговор на составот на стручната комисија за надворешна евалуација? | НЕ |

Место, датум

МП

УНИВЕРЗИТЕТ "СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ" ФАКУЛТЕТ ЗА ДРАМСКИ УМЕТНОСТИ Република Северна Македонија СКОПЈЕ

овластено лице на установата
(потпис)

Извештајот се доставува **на англиски јазик.** Установата може да поднесе и дополнителна верзија на македонски јазик и на јазикот што го зборуваат најмалку 20% од граѓаните во Република Северна Македонија.

За пополнување на пријавата се користи фонт Arial Narrow, големина 10, без закосување (italic) или подвлекување (underline), со единичен (single) проред.

Објаснувањето за исполнетоста на индикаторите за стандардите за квалитет **не треба да биде подолго од една страница** по индикатор во овој образец.

За сите индикатори се прикажуваат информации, акти и други релевантни информации за последните **пет години.** Во стандардите 2, 3, 5 и 6 се оценува исполнетоста на индикаторите **за секоја студиска програма** акредитирана на високообразовната установа.

Извештајот и документацијата се доставуваат во електронска форма и во печатена форма во 2 примероци. **За доставувањето во електронска форма, корисно е сите пропратни документи да бидат зачувани во еден фолдер и поврзани со линкови со овој образец. Прилозите односно документацијата за секој индикатор во овој извештај се поврзуваат со линк до конкретниот документ (Word, PDF и сл.). Фолдерот со документите и овој извештај се доставува до Одборот за евалуација.** Пример за објаснување на исполнетост на индикатор и линкови до прилози е наведен на крајот на овој образец (Пример 2).

Именувањето на документите се врши на следниов начин: Прилог_број на индикатор_објаснување на документот (на пример, Прилог 1.2. Прашалник од спроведени евалуации).

Доколку за еден индикатор се прикачуваат повеќе документи, се применува истото правило со додавање на буква по абецеден редослед за секој дополнителен документ (на пример, Прилог. 1.2.А. Прашалник од спроведени евалуации). Именувањето се користи и во имињата на документите во фолдерот и на прилозите/линковите наведени во овој документ.

При доставувањето на прилозите, установата истите ги зачувува во формат кој овозможува **едноставно користење на опциите за пребарување**. По исклучок, во прилозите може да се доставуваат и скенирани документи само доколку истото е неопходно.

По потреба, покрај доставената документација, исполнетоста на наведените индикатори се проверува за време на посетата на високообразовната установа.

Изјавата за точност и вистинитост на податоците прикажани во Извештајот од самоевалуација се заверува на нотар (пример 1).

## 1. ОПШТИ ИНФОРМАЦИИ

| | |
|---|---|
| Објаснете го накратко развојот на вашата установа (не подолго од 1 страница) | Почетокот на Факултетот за драмски уметности (ФДУ) го бележиме со основањето на Одделот за драмски актери при високата музичка школа во Скопје, 1969 година. На тој начин се овозможи образование на актерски кадри за театарската, филмската и телевизиската продукција. Развојот на Одделот за драмски актери, како и афирмацијата на првите завршени студенти, придонесе и за осамостојување на овој оддел во ФДУ, во 1979 година. На него сè |

| | |
|---|---|
| | уште се школуваа само актери, но веќе се зацртуваа плановите за развој и на други оддели. По обемни подготовки, во 1986 година, е формиран Оддел за драматургија со режија. Три години подоцна, во 1989 година, е формиран Оддел за продукција, а во 1990 година, од Одделот за за драматургија се одвоил Одделот за режија. Во 1992 се отворени уште два оддела и тоа: Оддел за филмско и ТВ снимање и Оддел за филмска и ТВ монтажа, а во 1994 година Одделот за режија се раздвоил во Оддел за филмска и ТВ режија и Оддел за театарска режија. Со воведувањето на ЕКТС во 2005 година одделите се преименувани во Студиски програми. На сите студиски програми, освен на студиската програма за драмски актери, студенти се примаат секоја четврта година. Во 1999 година се отворени и постдипломски студии по Театрологија, во 2010 година се отворени постдипломски студии на сите оддели, а од 2014 година се акредитираа Докторски уметнички студии, во рамките на Докторската школа на УКИМ.<br>Придонесот на Факултетот за драмски уметности во културата и творештвото во Македонија е значителен. Генерациите на актери, драматурзи, режисери, сниматели, монтажери и продуценти се движечка сила на театарското, филмското и телевизиското творештво, наградувани на многу интернационални и домашни фестивали.<br>Наставничкот и соработничкиот кадар на Факултетот е составен од редот на најпознатите творци во областите кои ги предаваат, како режисери, актери, драмски автори, познавачи на сценскиот говор и сценските движења и танци, мајстори на камерата и монтажата, театролози и историчари на книжевноста и продуценти. Најголем број од нив се добитници на многу познати награди - за животно дело, за одделни остварувања, за посебни придонеси во творештвото.<br>Присуството на Факултетот е забележително и во културно - уметничките движења и активности во Република Северна Македонија. Не само што наставниците и студентите учествуваат во остварување на многу проекти, туку и продукцијата која се создава во рамките на наставата предизвикува многу голем интерес во јавноста. Оттаму и честото учество на ФДУ, со одделни класи, на фестивалите како што се „Охридско лето“, МОТ, „Војдан Чернодрински“, ФААТ, „Браќа Манаки“, „Синедејс“, „Македокс“, „Скопски филмски фестивал“ како и на многу други меѓународни, од каде се враќаат со бројни награди и признанија.<br>Врските на ФДУ со сродните факултети се исто така, релативно добро развиени, особено со оние од балканските земји. За тоа многу голем придонес имаат Интернационалните студентски средби Скомрахи.<br>Во рамките на факултетот работи Секретаријат, со сите служби нужни за вршење на дејноста. Студиото на ФДУ е задолжено за продукциската работа, дистрибуцијата и архивирањето на проектите од наставната продукција. Библиотеката располага со книжен фонд, филмотека и видеотека. ФДУ располага со една голема сала со сцена, како и четири помали сценско-студиски простори за практична настава и увежбување на задачите.<br>Академската сцена со капацитет од 115 седишта е опремена и за театарски перформанси и за проектирање на филмови со разни формати. |
| | - Обезбедување на услови и можности за едукација на квалитетни високо образовани кадри во сите степени на |

| | |
|---|---|
| Кои се вашите клучни институционални капацитети? (не подолго од 1 страница) | образование од областите на актерството, театарската и филмска режија, продукцијата, драматургијата и сценариото, филмското и тв снимање и монтажа, како и други со нив поврзани наставно-научни, истражувачки и стручни области.<br>- Едукација на кадар којшто е конкурентен и оспособен за самостојна работа со широка основа за понатамошна континуирана надградба во професијата;<br>- Додипломски, последипломски и докторски студии коишто се компаративни со соодветните во регионот и Европа (ЕКТС);<br>- Во континуитет да се обезбедуваат услови за реализирање на зацртаните програми за работа и реализирање на студиските програми со перманентно надградување и имплементација на највисоките научни и стручни сознанија во рамките на студиските и предметните програми;<br>- Спроведување на интерактивност и транспарентност во наставата, како и имплементација на театарските и филмските развојни процеси и современите системи во изведувањето на практично-стручната подготовка на студентите;<br>- Имплементација на Европскиот Кредит Трансфер Систем (ЕКТС) во иновирањето на студиските програми и соработка и континуитет во обезбедувањето услови за реализирање на зацртаните програми за работа и реализирање на студиските програми со перманентно надградување и имплементација на највисоките научни и стручни сознанија во рамките на предметните програми;<br>- Интензивирање на билатералната и мултилатералната соработка со Универзитети и факултети во Европа и светот и обезбедување на услови и можности за двонасочна мобилност на студенти и наставно-соработничкиот кадар;<br>- Континуитет и квалитет во научно-истражувачката дејност и создавање на услови и можности за континуирано обновување и осовременување на научните и стручните знаења, креативноста, компетентноста и умешноста на наставничкиот и соработничкиот кадар;<br>- Интензивирање, проширување и збогатување на научната соработка со сродни високообразовни и научни установи во земјата и во странство;<br>- Осовременување на објектите за наставни и научно-истражувачки цели;<br>- Активно вклучување на студентите во наставно-образовните и другите процеси на факултетот;<br>- Континуирано следење на развојот на драмското образование во светот, како и негување на развојни истражувања и нивна примена во театарската и филмската индустријата со цел потпомагање на уметничкиот развој во целина;<br>- Развивање и интензивирање на соработката со институции, организации, установи, на владино и невладино ниво, со цел научните сознанија и искуството на брз и ефикасен начин да се применат во создавањето и развојот на нови концепции. |

| | |
|---|---|
| | - Поттикнување, организирање и интензивирање на издавачката дејност, согласно актите на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј” во Скопје. |
| Во кои области/прашања/стандарди/индикатори вашата установа постигна најголем напредок во последните пет години? (не подолго од 1 страница) | Факултетот за драмски уметности во последните пет години има остварено напредок во повеќе области, и тоа:<br><br>Подобрување на наставни програми:<br>- Во 2022 година реакредитирани се сите студиски програми во прв и во втор циклус студии.<br>Студентски успеси:<br>- Благодарение на посветеноста и комплетната подреденост на успехот на нашите студенти, ФДУ во изминатите пет години може да се пофалиме со многу реномирани признанија. Ги изводјуваме победата на Санденс и двете номинации за Оскар на тројца наши алумни од студиите за филмска и ТВ режија (Тамара Котевска), Филмско и ТВ снимање (Фејми Даут) и филмска и ТВ монтажа (Атанас Георгиев) со филмот „Медена земја“.<br>Подобрување на технички услови:<br>- Филмска опрема во вредност на 376.273 евра, преземена од јавната научна установа ИФФА – Охрид.<br>- Дваесет лаптоп компјутери – донација од Државен завод за статистика.<br>- Комплетно обновување на гледалиштето на Академската сцена со донација од Халкбанк.<br>Кадровско зајакнување:<br>- Седум вработувања на наставен кадар (4 асистенти и 3 професори)<br>- Административен/помошно технички кадар 5 (1 апликативен продуцент, 1 чувар, 3 административна служба) |
| Кои се вашите најголеми предизвици и недостатоци? (не подолго од 1 страница) | Предизвици и недостатоци:<br>- Факултетот функционира во дотраени бараки, стари повеќе од 60 години.<br>- Подмладување на наставниот кадар и ангажирањето на наставници и стручњаци надвор од земјата и од странство е ограниченп со финансиските можности на Факултетот и буџетските ограничувања од државата.<br>- Да се обезбедат постојани приходи за обновувањето и збогатувањето и на сценска и аудиовизуелна техника и технологии, кое сега се овозможува главно од донации.<br>- Потреба од нов канцелариски и училишен мебел.<br>- Дигитализација на целокупната архива, библиотечниот и филмскиот фонд и ставање во функција на факултетскиот сервер со овозможен брз и лесен пристап за сите студенти.<br>- Видливост, препознавање и вреднување на уметничките истражувања и активности на еднакво ниво како и научните истражувања и активности и начини за нивно соодветно финансирање.<br>- Привлекување на странски студенти.<br>- Да заживее алумнито формирано минатата година со свои автономни активности.<br>- Креирање на систем за прибирање на податоци, статистички и други анализи. |
| Број на вработени лица избрани во наставно-научни, наставно-стручни, научни, наставни и | Наставно-научен кадар - 30<br>Соработнички кадар (асистенти и уметнички соработници) - 8 |

| | |
|---|---|
| соработнички звања, кои вршат високообразовна дејност | |
| Број на студенти во последната учебна година, по циклус на студии | Број на студенти на прв циклус на студии - 59<br>Број на студенти на втор циклус на студии - 26<br>Број на студенти на трет циклус на студии - 13 |
| Веб страница | ФДУ - Факултет за Драмски Уметности - Скопје (ukim.edu.mk) |
| Вид на високообразовна установа (јавна, приватно-јавна непрофитна установа и приватна непрофитна установа) | Вид: јавна установа. Матичен број: 6462650. Шифра на дејност: 85.42 високо образование. |
| Мисија и визија на установата | Факултетот за драмски уметности е високообразовна институција која генерира конкурентни и автентични светогледи што обезбедуваат виталност на македонската култура и општество, но и алтернативни дискурси за нивно реобмислување и редефинирање. Континуираното образование им помага на високостручните кадри од областа на драмските уметности компетентно да ги решаваат проблемите и да ги совладуваат предизвиците на новиот милениум преку програми кои обезбедуваат унапредување на способностите и на интелектуалениот и уметнички раст и развој.<br>За Факултетот тоа значи:<br>- обезбедување на висок квалитет во сите активности;<br>- поттикнување дебати и промовирање нови идеи;<br>- комбинирање на моќта на луѓето, со иновации и технологија, за да се подобри начинот на учење и работење;<br>- почитување на правата и достоинството на поединецот.<br>За студентите тоа значи:<br>- обезбедување можности за квалитетно студирање и образование кое е стимулативно, ја збогатува личноста и се вреднува од страна на работодавците.<br>За вработените тоа значи:<br>- обезбедување можности секој да се развие себеси заради зголемување на личните способности и професионализмот во работењето, а со крајна цел постигнување на поголема поддршка и стручна помош на студентите во текот на студиите.<br>За општеството тоа значи:<br>- обезбедување на најнови информации, знаења и услуги од областа на сценскоизведувачките и аудиовизуелните уметности на сите економски субјекти и активно партнерство во нивното успешно вклопување во националните, регионалните и меѓународните заедници во кои тие работат. |
| Назив на високообразовната установа | Република Северна Македонија, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Факултет за драмски уметности - Скопје |
| **ОПШТИ ИНФОРМАЦИИ**<br>**(ги пополнува високообразовната установа)** | |
| Податоци за последната акредитација на установата и студиските програми на прв, втор и трет циклус на студии | Акредитација на установата:<br><br>Студиски програми на прв циклус на студии<br>- Студиска програма - Актерска игра<br>- Студиска програма - Филмско и ТВ снимање<br>- Студиска програма - Филмска и ТВ монтажа<br>- Студиска програма - Филмска и ТВ режија<br>- Студиска програма - Продукција<br>- Студиска програма - Театарска и филмска драматургија |

| | |
|---|---|
| | - Студиска програма - Театарска режија<br><br>- Решение за почеток на работа за студиските програми од прв циклус на студии<br>- Решение за акредитација на студиската програма „Актерска игра“ од Агенцијата за квалитет во високото образование, Одбор за акредитација на високото образование, бр.08-176/6 од 09.09.2022 година.<br>- Решение за акредитација на студиската програма „Филмско и тв снимање“ од Агенцијата за квалитет во високото образование, Одбор за акредитација на високото образование, бр.08-181/6 од 25.07.2022 година.<br>- Решение за акредитација на студиската програма „Филмска и тв монтажа“ од Агенцијата за квалитет во високото образование, Одбор за акредитација на високото образование, бр.08-180/6 од 25.07.2022 година.<br>- Решение за акредитација на студиската програма „Филмска и тв режија“ од Агенцијата за квалитет во високото образование, Одбор за акредитација на високото образование, бр.08-179/6 од 25.07.2022 година.<br>- Решение за акредитација на студиската програма „Продукција“ од Агенцијата за квалитет во високото образование, Одбор за акредитација на високото образование, бр.08-175/6 од 09.09.2022 година.<br>- Решение за акредитација на студиската програма „Театарска и филмска драматургија“ од Агенцијата за квалитет во високото образование, Одбор за акредитација на високото образование, бр.08-178/7 од 05.08.2022 година.<br>- Решение за акредитација на студиската програма „Театарска режија“ од Агенцијата за квалитет во високото образование, Одбор за акредитација на високото образование, бр.08-177/6 од 28.06.2022 година.<br>Студиски програми на втор циклус на студии<br>- Студиска програма - Актерска игра - втор циклус<br>- Студиска програма - Филмско и ТВ снимање - втор циклус<br>- Студиска програма - Филмска и ТВ монтажа - втор циклус<br>- Студиска програма - Филмска и ТВ режија - втор циклус<br>- Студиска програма - Продукција - втор циклус<br>- Студиска програма - Драматургија - втор циклус<br>- Студиска програма - Театарска режија - втор циклус<br>- Студиска програма - Театрологија - втор циклус<br>- Студиска програма - Филмско и ТВ сценарио - втор циклус<br><br>- Решение за почеток на работа за студиските програми од втор циклус на студии<br>- Решение за акредитација на студиската програма „Актерска игра“ од Агенцијата за квалитет во високото образование, Одбор за акредитација на високото образование, бр. 08-188/7 од 05.08.2022 година.<br>- Решение за акредитација на студиската програма „Филмско и тв снимање“ од Агенцијата за квалитет во високото образование, Одбор за акредитација на високото образование, бр. 08-183/6 од 28.06.2022 година.<br>- Решение за акредитација на студиската програма „Филмска и тв монтажа“ од Агенцијата за квалитет во високото |

| | |
|---|---|
| | образование, Одбор за акредитација на високото образование, бр. 08-184/6 од 09.09.2022 година.<br>- Решение за акредитација на студиската програма „Филмска и тв режија“ од Агенцијата за квалитет во високото образование, Одбор за акредитација на високото образование, бр. 08-182/6 од 28.06.2022 година.<br>- Решение за акредитација на студиската програма „Продукција“ од Агенцијата за квалитет во високото образование, Одбор за акредитација на високото образование, бр. 08-186/6 од 28.06.2022 година.<br>- Решение за акредитација на студиската програма „Драматургија“ од Агенцијата за квалитет во високото образование, Одбор за акредитација на високото образование, бр. 08-187/6 од 28.06.2022 година.<br>- Решение за акредитација на студиската програма „Театарска режија“ од Агенцијата за квалитет во високото образование, Одбор за акредитација на високото образование, бр. 08-190/6 од 09.09.2022 година.<br>- Решение за акредитација на студиската програма „Театрологија“ од Агенцијата за квалитет во високото образование, Одбор за акредитација на високото образование, бр. 08-189/6 од 28.06.2022 година.<br>- Решение за акредитација на студиската програма „Филмско и тв сценарио“ од Агенцијата за квалитет во високото образование, Одбор за акредитација на високото образование, бр. 08-185/7 од 05.08.2022 година.<br><br>Студиски програми на трет циклус на студии<br>- Студиска програма - Сценскоизведувачки и аудиовизуелни уметности<br><br>- Решение за почеток на работа за студиските програми од трет циклус на студии<br>- Решение за акредитација на студиската програма „Сценскоизведувачки и аудиовизуелни уметности“ од Агенцијата за квалитет во високото образование, Одбор за акредитација на високото образование, бр. 08-299/7 од 17.09.2021 година. |
| Седиште | Адреса: ул. „Руѓер Бошковиќ“ бр.22<br>п.фах 134, 1000 Скопје,<br>Република Северна Македонија |

## 2. СТАНДАРДИ И ИНДИКАТОРИ ЗА КВАЛИТЕТ

### Стандард 1

| СТАНДАРД 1: ИНСТИТУЦИОНАЛНИ ПОЛИТИКИ ЗА ОБЕЗБЕДУВАЊЕ |
|---|

| **КВАЛИТЕТ** | |
|---|---|
| **Индикатор** | **Документација** |
| 1.1. Установата има политика за обезбедување на квалитет која е објавена и јавно достапна. | Акт на установата или друг акт во кој е регулирана политиката на квалитет;<br>Линк до објава на веб страна. |

Основна цел на Факултетот за драмски уметности во Скопје е да ја задржи и надгради позицијата на квалитетна наставна и научно-уметничка образовна институција од областа на сценскоизведувачките и аудиовизуелните уметности во Република Северна Македонија преку обезбедување на висок квалитет на научно-истражувачки и уметнички образовни услуги и преку развивање на интензивна партнерска соработка со реномирани високо-образовни, научни и уметнички институции во светот.

Тоа претпоставува:

Креирање на програми на прв, втор и трет циклус на студии кои ќе кореспондираат со програмите на модерните универзитети во светот и ќе обезбедуваат знаења (основа и неопходна надградба) за следење на сценскоизведувачките и аудиовизуелни текови во современото окружување;

Посветеност на факултетот и неговите вработени за обезбедување на процесот на континуирано образование;

Стабилно финансирање од страна на надлежните министерства и институции и обезбедување на финансиска база за реализација на студентските претстави, филмови и други сценскоизведувачки и аудиовизуелни дела;

Обезбедување на процесот на континуирано ревидирање и осовременување на наставните програми на прв, втор и трет циклус на студии;

Обезбедување програми за обновување, осовременување и продлабочување на знаењата на вработените во аудиовизуелната уметност/индустрија и сценскоизведувачките текови;

Ангажирање на факултетот во воспоставување на долгорочна соработка со реномирани научни, уметнички и високообразовни институции од светот;

Постојано унапредување на условите за студирање и работа на факултетот;

Континуирано надополнување на библиотечниот фонд со најсовремена стручна литература;

Користење на кадровската и на материјалната база на факултетот за обезбедување на помош и за давање професионални услуги на стопанските субјекти;

Обезбедување парични фондови за стручно и научно усовршување, студиски престои на вработените во странство, фестивали, работилници и за уметнички проекти.

Факултетот на 14.05.2024 формираше петчлен Совет за квалитет на ФДУ, составен од тројца наставници, еден студент и еден претставник од Дамскиот театар во Скопје. Советот врз основа на оваа самоевалуација и сите детектирани недостатоци, пропусти и потреби, треба до крајот на 2024 година да изготви акциски план за подобрување на квалитетот по стандарди и по индикатори.

**Прилози**

1.1.А Линк до објава на веб страната на ФДУ - страница 16. - Статут на Факултет за драмски уметности

1.1.Б Одлука за формирање совет за квалитет

1.1.В Упатство за критериумите за начинот на обезбедување и оценување на квалитет на високообразовните уставнови и на академскиот кадар во Република Македонија (сл.весник на РМ.бр.27/2013)

1.1.Г Закон за високо образование

1.1.Д Правилник за надворешна евалуација АКВО

1.1.Ѓ Статут на УКИМ

1.1.Е Правилник за обезбедување квалитет на УКИМ

1.1.Ж Стратегија за квалитет на УКИМ

1.1.З Деловник за работата на Советот за квалитет на УКИМ

| | |
|---|---|
| 1.2. Установата има ефикасен и логичен систем за обезбедување на квалитет на образованието. Таа користи различни алатки за оценка и унапредување на квалитетот на образованието и редовно спроведува евалуација која ги опфаќа предметите, наставниот кадар, работата на помошните/студентски служби и општото ниво на задоволство во текот на студиите. Активностите се спроведуваат врз база на утврден календар на активности. | Информација за алатките кои се користат за оцена и унапредување на квалитетот на високото образование (период на оцена, пристап итн.);<br>Прашалник од сите спроведени самоевалуации или друга алатка која се користи за самоевалуација;<br>Годишен календар на активности поврзани со обезбедувањето на квалитет. |

На Факултетот за драмски уметности квалитетот на наставата се мониторира со анонимна студентска анкета. Евалуацијата се спроведува по завршувањето на наставната програма за секој предмет. Комисијата за самоевалуација е задолжени за анализа на резултатите, а раководителите на катедрите се задолжени да преземат соодветни мерки за подобрување на квалитетот на наставата.

Воспоставувањето на процедури во обезбедувањето и контролата на квалитетот на наставнообразовната дејност е континуирана активност и ја организира и спроведува Комисија за самоевалуација формирана од страна на Универзитетската Комисија за самоевалуација формирана од страна на Сенатот на Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ и Факултетот за ликовни уметности. Согласно Статутот на УКИМ, самоевалуацијата се спроведува на интервали од најмногу 3 (три) години.

Во учебната 2023/2024 анкетата електронски се спроведе во периодот од 13 до 30 Јуни за зимскиот и летниот семестар. Прашалникот за евалуација опфаќа по 15 прашања за студентите, наставниот и ненаставниот кадар кои ги подготви Комисијата за евалуација на Универзитетот. Годишниот календар за активности поврзани со евалуација ќе биде усвоен на Наставно – научниот и уметнички совет по спроведувањето на самоеваулацијата за 2023/2024 по препораките на Советот за квалитет на ФДУ.

- Заклучоци од спроведените анкети:
- Перцепција на студентите за квалитетот на наставата во учебната 2023/2024
- Зимски семестар - просечна оценка - 4,54
- Летене семестар - просечна оценка - 4,54

- Перцепција на студентите за општите услови за студирање во учебната 2023/2024
- Зимски семестар - просечна оценка - 4,18
- Летен семестар - просечна оценка - 4,02

- Перцепција на стручно-административниот кадар за квалитетот на општите услови за работа во учебната 2023/2024
- Зимски семестар - просечна оценка - 4,28
- Летен семестар - просечна оценка - 4,25

- Перцепција на наставниот кадар за квалитето на условите за работа во учебната 2023/2024
- Зимски семестар - просечна оценка - 3,74
- Летен семестар - просечна оценка - 3,75

- Дополнителните механизми како што се периодични анализи на ставови/мислења и степен на задоволство на студентите во рамки на одредени катедри/предмети (во форма на квалитативни истражувања - фокус групи), континуирани контакти на наставниците со домашни организации од областите на театарот и филмот за анализи на соодветните потреби од иден кадар од аспект на квантификација и вид (заедно со соодветни знаења и способности) не се користат доволно и систематски, а ако се прават, Факултетот не води уредна евиденција за нив.

**Прилози**

1.2.А. - Перцепција на студентите за квалитетот на наставата во учебната 2023/2024 - Зимски семестар

1.2.Б. - Перцепција на студентите за квалитетот на наставата во учебната 2023/2024 - Летен семестар

| | |
|---|---|
| 1.3. Управата на установата е посветена на развојот и унапредување на квалитетот на образованието. Постои култура на координација и соработка помеѓу засегнатите страни во процесот. Установата поттикнува и обезбедува вклученост на студентите, работодавците и други релевантни институции/организации во процесот. | Конкретни примери и резултати, најдобри практики;<br>Релевантни извештаи или препораки;<br>Примери на вклучување на студентите, работодавците и други релевантни институции/организации во процесот на обезбедување на квалитет. |

Факултетот за драмски уметности како и неговата Управа се посветени на развојот и унапредувањето на квалитетот на образованието. Факултетот ги подобрува студиските програми во рамките на кадровските и финансиски можности. Сите студиски програми на Факултетот се акредитирани и се во согласност со важечките законски решенија. Постапката за акредитација се спроведува редовно на секои пет години, последната акредитација на прв и втор циклус студии беше спроведена во учебната 2021/2022 година.

Факултетот поттикнува и обезбедува вклученост на студентите, работодавците и други релевантни институции/организации. Склучени се меморандуми за соработка со културни институции, фестивали и сл. што на студентите и, овозможува практична настава во и надвор од факултетот, нивно ангажирање во различни проекти на и надвор од факултетот. Примери на поважни институционални и организациони форми со кои се обезбедува нивна вклученост можат да се наведат следните:

- МТФ „Војдан Чернодрински“ - Студентите на ФДУ се вклучени директно во организациските и програмските активности на најстариот и најреномиран македонски театарски фестивал „Војдан Чернодрински“ – Прилеп, што воедно го води една од професорките на факултетот, а повеќето професори се здобиле со врвни награди на истиот.
- Здружението Театро СК (одржани се работилници по пантомима и уличен театар),
- НУ Драмски театар Скопје (потпишан меморандум за соработка и имаме постојана соработка особено во однос на користење на нивни капацитети),
- НУ Турски театар Скопје (потпишан меморандум за соработка и имаме постојана соработка особено во однос на користење на нивни капацитети за дипломски претстави на класата по актерска игра со познавање на турски јазик),
- НУ Албански театар Скопје (потпишан меморандум за соработка и дипломската претстава „Прст“ на класата по актерска игра со познавање на албански јазик стана дел од редовниот репертоар на театарот),
- НУ Театар комедија Скопје (потпишан меморандум за соработка и имаме постојана соработка особено во однос на користење на нивни капацитети),
- НУ Театар за деца и младинци Скопје (потпишан меморандум за соработка и беше одржана работилница за кукларство во склоп на МФДТ „Игор Џиџиров“),
- Фондација Ѓорѓи Марјановиќ (потпишан меморандум за соработка и во тек се подготовки за идни проекти во кои ќе бидат вклучени и студенти од ФДУ),
- УСАИД / ИЕСЦ (потпишан меморандум за соработка и наши студенти беа вклучени во дел од нивните активности. Во иднина очекуваме да одржат неколку мастер класови, предавања и работилници за потребите на нашите студенти),
- МРТВ (потпишан меморандум за соработка и имаме постојана соработка особено во однос на користење на нивни архивски снимки и материјали).

Активно учество на студентите:
- Во процесот на организација на Меѓународните средби на студентите на академиите и факултетите за драмски уметности - „Скомрахи” се вклучени повеќе од 20 студенти со кои се работеше на програмскиот дел, односно развој на тема и концепт, селекција на претстави, филмови, музичка и дополнителна програма во кој дел активно учествуваат следните студентки: Моника Ставревска и Бојана Василковска од театарска режија, Мартина Даниловска од актерска игра, и Мартина Петреска од продукција.
- „Академска сцена” е активна во текот на целата школска година. За активностите одговорни студенти се: Марко Младеновиќ, Кристијан Ристески (класа актери) и Мартина Петреска (класа продукција). Тие го прават неделниот и месечниот репертоар на претстави, филмска, музичка и друга програма, ги координираат активностите и ја прават промоцијата за настаните.
- ХАЈ-ФАЈ е нова меѓународна филмска платформа направена од студенти за студенти. Истата служи како отскочна даска за промоција на студенти од филмски катедри при нивното прогресирање кон професионалци. Програмата за овој прв настан беше поделена на официјална филмска програма со студентски кратки филмови на колеги од Србија, Косово, Словенија, Бугарија, Црна Гора, Босна и Херцеговина. Понатаму, „carpe diem“ програма, чиј фокус беше вмрежување. Гостите имаа шанса да ги споделат своите искуства, да предложат соработка и да се запознаат со локалните фестивали, меѓукои „Синедејс - фестивал на европски филм“, Интернационален фестивал на филмската камера „Браќа Манаки“, „Дрим Шорт“ фестивал на краток филм, „Бич филм фестивал“, Младински филмски фестивал, „Ѕирни“ фестивал на филм и музика и „Македокс“ фестивал на документарен филм.
Се поддржува и унапредување на наставата преку директни меѓународни искуства на студентите и наставниците со конкретни проекти – само во 2023 и 2024 год. факултетот обезбеди можност за нивни гостувања на студентски театарски и филмски фестивали во Хрватска, Србија и Турција, мултимедијална инсталација во Чешка, и продукција на испитен филм во Велика Британија.

Факултетот за драмски уметности не ги вклучува доволно студентите во реформите на студиските програми и нивното осовременување, за што Советот за квалитет ќе треба да изработи акциски план.

**Прилози**
1.3.А. - ФДУ - За Скомрахи (ukim.edu.mk)
1.3.Б. - ФДУ - Скомрахи - Архива (ukim.edu.mk)
1.3.В. - ФДУ - За Академска Сцена (ukim.edu.mk)
1.3.Г. - ФДУ - Академска Сцена - Репертоар (ukim.edu.mk)
1.3.Д. - Меморандуми за соработка од горе наведените институции/организации
1.3.Ѓ. - Хај-Фај фестивалска програма

| | |
|---|---|
| 1.4. Во рамките на установата функционира посебно тело надлежно за развој и имплементација на политиката за обезбедување квалитет. | Акт за формирање на телото;<br>Извештаи од неговата работа или записници од одржаните седници. |
| Факултетот за драмски уметности, освен новоформираниот Совет за квалитет, нема други посебни тела со надлежност за развој и имплементација на политиката за обезбедување квалитет.<br>Најблиску до ова тело е Одборот за соработка и доверба со јавноста во кој членуваат и истакнати тетарски и филмски уметници, односно претставници на најзначајните театарски/филмски организации во земјата. Меѓу останатите задачи, во негов домен на работење е и индиректно да ја анализира вкупната настава (вклучувајќи и квалитативни аспекти) со евентуални препораки за иден развој и унапредување. Сепак, одборот е само од формален каректер што е недостаток кој е неопходно да се исправи во следниот период. | |
| **Прилози**<br>1.4.А Статут на Факултетот за драмски уметности<br>1.4.Б Одлука за формирање на Одбор за соработка и доверба со јавност. | |
| 1.5. Установата редовно ги анализира информациите кои произлегуваат од системот за обезбедување на квалитет вклучувајќи ги и статистичките информации и презема мерки за подобрување на студиските програми врз основа на тие информации. Извештајот од самоевалуација е објавен на веб страната на установата. | Извештај од самоевалуациите спроведени во последните пет години;<br>Акциски план или друг релевантен документ за имплементација на заклучоците и/или препораките од самоевалуациите;<br>Линк до извештаи од евалуациите спроведени во последните пет години. |
| Последниот извештајот за самоевалуација на Факултетот за драмски уметности - Скопје (во прилог) го опфаќа периодот јануари 2019 година до декември 2021 година. Извештајот е објавен на веб-страната, но Факултетот нема правено акциски планови врз основа на кои ќе се преземаат различни мерки за подобрување на квалитетот. Во тек е изготвување на акциски план за оваа самоевалуација. | |
| **Прилози**<br>1.5. А Извештајот за самоевалуација на Факултетот за драмски уметности - Скопје за периодот јануари 2019 година до декември 2021 година. | |
| 1.6. Обезбедувањето на квалитетот во установата претставува континуиран процес кој не завршува со извештајот од надворешната евалуација или со натамошното следење на установата. Препораките од претходната надворешна евалуација се имплементирани. Напредокот постигнат од последната надворешна евалуација е јасно демонстриран.[1] | Извештај од надворешна евалуација од претходниот период;<br>Акциски план;<br>Извештај за преземени мерки и активности за имплементација на Акцискиот план. |
| УКИМ е надворешно евалуиран само еднаш, во 2017 година. | |
| **Прилози**<br>1.6.А Контролен извештај за евалуација УКИМ 2017 | |

## Стандард 2

| СТАНДАРД 2: КРЕИРАЊЕ, ОДОБРУВАЊЕ И СЛЕДЕЊЕ НА СТУДИСКИТЕ ПРОГРАМИ | |
|---|---|
| **Индикатор** | **Документација** |
| 2.1. Установата има донесен/и акт/и или правила со кој се уредува постапката за изработка и одобрување на студиските програми за прв, втор и трет циклус на студии (доколку е применливо). | Акт во кој е регулирано прашањето; |
| Креирањето, одобрувањето и следењето на студиските програми на прв, втор и трет циклус студии е од | |

1 Овој индикатор ќе биде предмет на оценка по завршувањето на првата надворешна евалуација односно при следната надворешна евалуација на установата.

исклучителна важност со цел да се овозможи унапредување на основниот процес - образование на студентите на сите студиски програми, следејќи ги најновите трендови во театарската и филмската индустрија во светот и подготвувајќи ги студентите во целост да одговорат на потребите на пазарот на труд.
Сите студиски програми на Факултетот на прв, втор и трет циклус студии се акредитирани и се во согласност со важечките законски решенија во Република Северна Македонија.
Постапката за изработка и одобрување на студиските програми за прв, втор и трет циклус студии на Факултетот за драмски уметности – Скопје при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје е регулирана во согласност со членот 145 од Законот за високото образование (Сл. Весник на РСМ бр. 82/18,178/21,58/24) и Упатствата, актите и правилата за поднесување и начинот на пополнување на елаборатите за акредитација на студиска програма од прв, втор и трет циклус студии од Одборот за акредитација на високото образование.
Постапката за акредитација се спроведува редовно, на пет години, а согласно Упатството започнува една година пред истекот на тековната акредитација на студиската програма/и.
Сите акти и правила со кои се уредува постапката за изработка и одобрување на студиските програми за прв, втор и трет циклус студии на Факултетот за драмски уметности – Скопје при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје се во согласност со наведените упатства од Агенцијата за евалуација на високото образование, т.е. Одборот за акредитација на високото образование.
Документите за акредитација се подготвуваат во согласност со Правилник за содржината на студиските програми (Службен весник на Република Македонија бр. 79/23) и во согласност со Упатството за начинот на пополнување на елаборатите за акредитација на студиска програма.

**Прилози**
2.1. А - Закон за високото образование (Службен Весник на РСМ бр. 82/18)
2.1. Б - Правилник за содржината на студиските програми (Сл.весник на РСМ бр.79/23)
https://www.akvo.mk/docs/Pravilnik%20za%20studiski%20programi.pdf
2.1.В Правилник за условите, критериумите, правилата и постапката за запишување и студирање на прв и втор циклус студии на УКИМ
2.1.Г Правила на студирање на прв и втор циклус ФДУ

| | |
|---|---|
| 2.2. Содржината на студиските програми кои се изведуваат во установата е добро осмислена и опишана. Таа е релевантна за целта на програмата и постигнување на резултатите од учењето. Целите на предметите се дефинирани и усогласени со исходот на образовниот процес (learning outcome). Студиските програми се изработени во насока на непречен развој на студентот и овозможуваат студентите да се стекнат со академско знаење и вештини, вклучително и такви кои може да бидат преносливи, што значи дека може да влијаат врз нивниот личен развој и може да бидат применети во развојот на нивните идни професии. | Студиска програма (се доставуваат сите студиски програми акредитирани на прв, втор и трет циклус, доколку е применливо и кои се изведувале во последните пет години);<br>Предметни програми (силабуси) за сите студиски програми и сите предмети;<br>Опис на утврдените исходи на образовниот процес за сите студиски програми;<br>Конкретни примери и резултати, најдобри практики. |

Содржина на студиските програми (целта на програмата и постигнување на резултатите од учењето). Студиските програми се во насока на непречен развој на студентот и овозможуваат студентите да се стекнат со академско знаење и вештини.
Факултетот организира студии од трите циклуси на студии: прв циклус-додипломски студии во траење од четири години , втор циклус-постдипломски студии (едногодишни и последна учебна година за две годишни) и трет циклус студии-докторски студии и тоа на следните студиски програми:
Прв циклус на студии
- Во последните 5 години, во рамки на првиот циклус егзистираат 7 студиски програми - Актерска игра, Филмско и ТВ снимање, Филмска и ТВ монтажа, Филмска и ТВ режија, Продукција, Театарска и филмска драматургија, Театарска режија. Последната реформа кај сите програми е спроведена во академската 2022/2023 година.

Втор циклус на студии
- Во последните 5 години, на ниво на втор циклус егзистираат 9 едногодишни студиски програми - Актерска игра - втор циклус, Филмско и ТВ снимање - втор циклус, Филмска и ТВ монтажа - втор циклус, Филмска и ТВ режија - втор циклус, Продукција - втор циклус, Драматургија - втор циклус, Театарска режија - втор

циклус, Театрологија - втор циклус, Филмско и ТВ сценарио - втор циклус. Последната реформа кај сите програми е спроведена во академската 2022/2023 година.

Трет циклус на студии

- Согласно принципот за формирање единствена Школа за докторски студии на ниво на Универзитетот, етаблирана е една студиски програма - Сценскоизведувачки и аудиовизуелни уметности, со последна ре-акредитација во учебната 2021/2022 година.

Содржината на сите студиски програми на сите три циклуси кои се изведуваат на Факултетот за драмски уметности – Скопје при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје е соодветно дизајнирана и опишана и е релевантна за целите на студиските програми и постигнување на резултатите од учењето. Содржината на студиските програми на сите три циклуси се изработени во насока на непречен развој на студентот и овозможуваат студентите да се стекнат со академски знаења и вештини кои се од исклучително значење за нивниот понатамошен професионален развој.

Сите студиски програми поседуваат јасни и прецизни цели со фокус на студентот заради негово обезбедување со знаења, способности и вештини кои соодветствуваат на профилот на соодветната студиска програма и звањето со кое се стекнува студентот по завршување на студиите. Што се однесува до одделните предметни програми, сите предметни програми се креирани со цел исполнување на целите на студиската програма. Кај сите предметни програми (задолжителни и изборни), јасно се наведени целите на предметната програма односно компетенциите со кои студентот се стекнува по завршување на соодветната програма, понатаму содржина на предметната програма, методи на учење, начин и критериуми на оценување како и методот на следење на квалитетот на наставата. Секоја поединечна предметна програма (задолжителна или изборна), поседува јасно наведена основна и дополнителна литература.

Потврда дека студиските програми соодветствуваат со реалните потреби на општеството, пазарот на труд и културата е фактот дека дипломираните студенти од ФДУ се водечки чинители во театарот, во филмот и во културата генерално. За жал, Факултетот не располага со прецизна статистика за вработливоста и механизам за обезбедување на овие податоци ќе биде една од главните точки во Акцискиот план што ќе произлезе од самоевалуацијата.

На пример дипломираните студенти од Факултетот за драмски уметности се вработени како дирекори на најголемите театри ширум државата. Исто така дел од нив се и на раководни позиции во еминетни институции како на пример Друштво на филмски работници каде дипломирани студенти од ФДУ се генерален секретар и раководители на сектори. Исто така дипломирани студенти на ФДУ се и министри во ресорните министерства.

**Прилози**

2.2.А. - Сите елаборати за студиските програми се приложени со линкови во делот со Општи информации на страница 5 од овој документ, каде ги има и решенијата за почеток со работа и решенијата за акредитација.

| 2.3. Студиските програми одговараат на развојните потреби на општеството и економијата. | Конкретни примери и резултати, најдобри практики;<br>Релевантни извештаи или препораки. |
|---|---|

Студиските програми одговараат на развојните потреби на општеството, театарската и филмската индустрија.

Сите студиски програми на Факултетот за драмски уметности – Скопје, Универзитет „Св. Кирил и Методиј" во Скопје се моделирани следејќи ги потребите на општеството, театарската и филмската индустрија, технолошкиот развој, глобалните трендови по театрите и филмските продукциски куќи, како и најновите трендови на факултетите во регионот и светот од областа на театарот и филмот. На тој начин студентите се подготвуваат во целост да одговорат на потребите на македонскиот приватен и јавниот сектор, да се вклучат во театарските и филмските продукции и да предводат развојни проекти.

Во согласност со член 122 од Законот за високото образование (Сл. Весник на РСМ бр. 82/18,178/21,58/24) на Факултетот за драмски уметности – Скопје основан е Одбор за соработка и доверба со јавноста во кој членуваат претставници на основачот и релевантни претставници на деловната заедница од делокругот на студиските програми кој е формиран согласно одлука на ННУС на ФДУ бр.0202-684/7 од 02.12.2020.

Во процесот на акредитација и реакредитација на наставните програми, Одборот за соработка и доверба со јавноста дава мислење за подобноста на студиските програми на развојните потреби на општеството и економијата.

Сите студиски програми на прв, втор и трет циклус на студии имаат добиено позитивно мислење од страна на Одборот за соработка и доверба со јавноста.

Како потврда за тоа дека студиските програми одговараат на развојните потреби на општеството и економијата би ги навеле следните успеси на веќе дипломираните студенти.

- 10 вработувања на актери во НУ Драмски Театар - Скопје во 2024 година

- Од областа на Театрологијата на втор и на трет циклус студии – конкретно се направени поместувања во однос на пишување на театарска критика (соработка со платформата гледај.мк)
- Креирање и организирање на фестивалот Којдан Чернодрински – Прилеп;
- Организација на конкретни музејски и театролошки поставки;
- Издавање на научно списание со меѓународен уредувачки одбор „Арс Академика'.
- Безмалку сите театарски престави во земјата се создадени со директно учество на актери, режисери, драматурзи или продуценти школувани на факултетот, а тие се и дел од раководни структури и на најзначајните државни и независни (пиватни/непрофитни) театри. Само во 2023 и 2024 год. актуелните студенти учествуваат во создавање на дела кои се претставуваат на сцените на Македонски народен театар, Драмски театар, Албански театар, Турски театар.
- Истото се однесува и на сите домашни филмови – и тие не би можеле да постојат без креативниот потенцијал на режисерите, продуцентите, сценаристите, актерите, кинематограферите и монтажерите кои студирале на факултетот. Вклучително и на филмовите со најголеми успеси, не само за домашната кинематографија туку и култура во целина: "Медена земја", "Исцелител", "Домаќинство за почетници", и многу други, со мошне значајни успеси (и награди!) на најреномирани филмски фестивали, како што се Венеција, Санденс, Талин, па се до номинации за Оскар во две категории на филмот „Медена Земја". Постоечките студени и во учебната 2023/24 година учествуваат во креативните и продукциски тимови на неколку филмови чија продукција е во тек.

**Прилози**
2.3.А - Сите елаборати за студиските програми се приложени со линкови во делот со Општи информации на страница 5 од овој документ.
2.3.Б - Закон за високото образование (Сл. Весник на РСМ бр. 82/18)
2.3.В - Одлука на ННУС на ФДУ бр.0202-684/7 од 02.12.2020.
2.3.Г. - Линк до списанието Арс Академика
2.3.Д. - Линк до театарскиот фестивал „Војдан Чернодрински“ - Прилеп

| | |
|---|---|
| 2.4. Студиските програми се изработуваат/ревидираат во соработка со студентите и другите релевантни носители на интереси (деловна заедница, државни органи и други организации). Прибраните информации се анализираат, а програмата се прилагодува со цел да се избегне нејзино застарување. Процесот создава ефикасна средина за учење и поддршка на студентите. | Конкретни примери и резултати за соработка со студентите и другите носители на интереси, најдобри практики;<br>Релевантни извештаи или препораки;<br>Записници од одржани средби со студентите и другите учесници во процесот во функција на измена на студиските програми; |

Како што веќе наведовме претходно, студентите не се доволно вклучени во изработката на студиските програми. Водечката улога во нивното креирање ја има наставниот кадар од седумте катедри на Факултетот, нивните анализи и искуства за поединечните предмети и програмите во целина, како и резултатите од анонимните студентски анкети кои засега се единствениот механизам преку кој студентите посредно учествуваат во процесот на реформирање на студиските програми.

**Прилози**
2.4.А. - Дополнителен образец
2.4.Б. - Дополнителен образец
2.4.В. - Линк до страницата на Академска сцена каде може да се видат сите тие соработки.

| | |
|---|---|
| 2.5. Студиските програми користат надворешна експертиза и референци. Програмата е усогласена со најдобрите странски практики и искуства. | Предметни програми (силабуси) за сите студиски програми (со прикажана основна и дополнителна литература);<br>Листа на надворешни/странски наставници или експерти кои се вклучени во студиските програми во последните пет години.<br>Конкретни примери на усогласеност на студиските програми со најдобрите странски практики и искуства. |

При изработката на студиските програми на прв, втор и трет циклус студии особено се водеше сметка да се постигне меѓународна препознатливост на програмите со примена на најдобрите светски искуства во структурирањето на поединечните студиски програми.
Примери за илустрација на начинот на кој студиските програми се усогласуваат со напредните европски пракси и искуства вклучуваат:

- Формални презентации/дискусии и останати контакти на/со претставници на драмските факултети/академии кои учествуваат на интернационалниот фестивал Скомрахи, односно заедно со факултетот реализираат или се вклучени во останати проекти од меѓународен карактер. Во изминатите неколку години на овие настани учествуваа релевантни факултети/академии од регионот (Србија, Црна Гора, Босна и Херцеговина, Хрватска, Бугарија, Словенија, Турција) и од поширокиот европски простор (Романија, Полска, Германија, Австрија, Велика Британија), каде што се анализираа основните карактеристики на нивните наставни програми и практики, односно соодветните искуства и резултати.
- Релевантни информации што наставниците и студентите ги добиваат од сродни европски факултети при посетите/гостувањата на меѓународни настани/фестивали – на пр. во Србија, Хрватска, Турција и Чешка во изминатите 2-3 години.

Компаративни податоци и анализи на документирани студиски програми на водечките факултети/академии во регионот и Европа.
При креирањето на студиската програмата за втор и трет циклус студии за теориските предмети (театрологија) беа искористени сознанијата од сродните институции, како што се компаративни примери со програмата на АГФРТ – Љубљана, Columbia university, New York Tisch и LAMDA – Лондон. Нивните програми беа земени како инспирација во процесот на креирање адекватна програма што ќе ги задоволи и нашите и светските стандарди.

Соработки со странски професори:
- Во рамките на предмети на проф. д-р Ана Стојаноска се користат соработки со колеги од сродни факултети, пример соработка со проф.д-р Алдо Милохниќ од АГФРТ Љубљана.
- Режисерот Лука Кортина на 20.4.2023 од 11 до 16ч одржа работилница за студентите од класите Драмски актери, Театарска режија и Драматургија со наслов „Пирандело, прв впечаток“.

**Прилози**

2.5.А - Сите елаборати за студиските програми се приложени со линкови во делот со Општи информации на страница 5 од овој документ.

| | |
|---|---|
| 2.6. Студиските програми јасно го дефинираат целокупниот очекуван работен ангажман на студентот и вклучуваат добро структуирани надворешни активности (обуки, практична работа и други активности кои не се одвиваат во установата, но му овозможуваат на студентот да стекне искуства во областа на неговите студии). Оптоварувањето овозможува студентот да учествува во надворешни активности за време на студиите. Практичната настава е соодветно валоризирана во оптоварувањето и нејзината реализација редовно се следи. | Приказ на очекуваното оптоварување на студентите (за сите студиски програми прикажано во број на часови (настава, часови и сл.), ЕКТС и очекувано оптоварување за совладување на предметните програми);<br>Приказ за вклучувањето на практична настава во предметните односно студиските програми;<br>Извештај за реализирана практична настава и надворешни активности (обуки, практична работа и други активности кои не се одвиваат во установата, но му овозможуваат на студентот да стекне искуства во областа на неговите студии) во последните пет години за сите студиски програми. |

Усогласеност со Болоњскиот процес и Европскиот кредит трансфер систем (ЕКТС) Студиските програми јасно го дефинираат целокупниот очекуван работен ангажман на студентот и вклучуваат добро структурирани активности кои му овозможуваат на студентот да стекне искуства во областа на неговите студии. Оптоварувањето му овозможува на студентот да учествува во надворешни активности за време на студиите по сопствен избор. Практичната настава која се спроведува во установата во организирана форма соодветно е валоризирана во вкупното оптоварување на студентот и нејзината реализација редовно се следи.

Студентите во рамките на своите студии имаат можност да реализираа дел практична примена на своите научени способности како во театарските и филмските институции, така дури и во рамките на самиот факултет и театарските и филмски продукции кои самите студенти ги реализираат. Оформувањето на Академска сцена - проект кој е поддржан од Министерството за култура, како и во рамките на практичните испитни вежби кои студентите потоа студентите ги играат/прикажуваат како репертоарски претстави/филмови во рамките на проектот - Академска Сцена.

Примери за ангажманот на студентите во надворешни активности:

- Ангажирање на студентите во театарски и филмски продукции во Националните театарски установи и филмовите поддржани од Агенција за Филм.
- Ангажирање на студенти од втора и трета година од прв циклус од катедрите по актерска игра и филмска и ТВ режија за потребите на филмот „17“ во режија на наша поранешна студентка - Косара Митиќ. За оваа цел беа ангажирани 9 студнети.
- Ангажирање на студентите во создавањето и реализирањето на студентските фестивали „Скомрахи“ и „Хај фај“. (Прилози 2.6.А; 2.6.Б.)
- Ангажирање на студентите во рамките на проектот „Академска Сцена“ каде тие самите го создаваат и одржуваат репертоарот, со поддрѓка на Министерството за култура. (Прилози 2.6.В.; 2.6.Г.)
- Учество на работилници во текот на целата година. (Прилог 2.6.Д.)
- Посета на локалитетот „Стоби“ - во рамките на часовите по Сценски говор во текот на летниот семестар.

Во однос на валоризацијата на ангажманот во практичната настава, треба да се забележи дека во минатото активното учество се вреднуваше со два ЕКТС кредити, а денес тоа веќе не е практика.

**Прилози**

2.6.А. - ФДУ - За Скомрахи (ukim.edu.mk)
2.6..Б. - ФДУ - Скомрахи - Архива (ukim.edu.mk)
2.6.В. - ФДУ - За Академска Сцена (ukim.edu.mk)
2.6.Г. - ФДУ - Академска Сцена - Репертоар (ukim.edu.mk)
2.6.Д. - Календар на активности
2.6.Ѓ. - Дополнителен образец

| | |
|---|---|
| 2.7. Информациите за студиската програма објавени на сајтот на установата кореспондираат со официјалните записи. Информациите се објавени и на јазикот на кој се изведува програмата. | Линк до веб страна каде се објавени наведените информации.[2] |

Транспарентност преку веб страната на факултетот. Во прилог е линк до сите студиски програми.

2 Стручната комисија може да побара координаторот при АКВО да ги спореди објавените информации со официјалните записи во АКВО.

Прв циклус:
- Актерска игра
Наставната програма за Актерска игра се базира врз универзалните принципи на К. С. Станиславски и неговите ученици и следбеници, дополнети со теоријата и праксата на Брехтовиот театар, како и на Јежи Гротовски, Питер Брук и другите режисери - педагози на XX век.
- Театарска и филмска драматургија
Современата професија Драматург е поставена како мултимедијален занает, која на завршениот студент му овозможува стручни драматуршки познавања, неопходни во процесот на производство на проекти од областа на драмските уметности: театарот, филмот, телевизијата, радиото и операта.
- Театарска режија
Наставната програма се базира на ставот дека режија се учи режирајќи под супервизија на наставникот. Програмата се развива според ЕКТС и тоа во две насоки: а.) Специјализиран курс по театарска режија (за сите студенти) и б.) Индивидуална стратегија за развој на способностите, знаењата и талентот (за секој студент поодделно).
- Продукција
Студиската програма за ПРОДУКЦИЈА е конципирана врз стручно, занаетско и уметничко образование на профилот: ДИПЛОМИРАН ПРОДУЦЕНТ. Наставата на студиската програма за продукција овозможува образование на менаџери од различни нивоа на институции и проекти од областа на театарот, филмот, телевизијата и радиото како уметнички дејности и медиуми.
- Филмска и ТВ монтажа
Организирањето на студиите по ФИЛМСКА И ТВ МОНТАЖА во рамките на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" за своја примарна цел го имаат едуцирањето на идните стручњаци кои ќе умеат соодветно да го разберат / протолкуваат филмскиот и телевизиски јазик и своето акумулирано академско знаење и умеење да го изразат во сите форми на филмското и телевизиско творештво. Студиите по монтажа се организирани според ЕКТС како осумсеместрални, четиригодишни академски студии.
- Филмска и ТВ режија
Програмата за Филмска и ТВ режија се базира врз ЕКТС а низ предавања и вежби, заеднички и индивидуални, за изучување и совладување на стручните програмски основи од областа на ФИЛМСКАТА И ТВ РЕЖИЈА.
- Филмско и ТВ снимање
Додипломските студии по ФИЛМСКО И ТВ СНИМАЊЕ се организирани според ЕКТС како осумсеместрални, четиригодишни, академски студии за едуцирање на идни стручњаци со цел формирање на креативни и самостојни личности, кои ќе ги имаат сите предиспозиции да прераснат во авторски личности од уметнички профил, кои своето акумулирано академско знаење и умешност, соодветно ќе го изразат во филмското и телевизиското творештво.

Втор циклус:
Во рамки на вториот циклус студии - Постдипломски студии се изведуваат студии на следните студиски програми Актерска игра, Драматургија, Театрологија, Театарска режија, Филмско и ТВ снимање, Филмска и ТВ режија, Филмско и ТВ сценарио, Филмска и ТВ монтажа и Продукција.

Трет циклус:
Студиските програми од трет циклус докторски уметнички студии на Факултетот за драмски уметности во Скопје, се организира во согласност со Законот за високото образование на Република Северна Македонија и Правилникот за трет циклус студии на УКУМ, како тригодишни студиски програми кои содржат вкупно 180 ЕКТС кредити. Насловот на акредитираната студиска програма е Сценскоизведувачки и аудиовизуелни уметности.

Веб-страната, иако овозможува транспарентност и достапност до информации, е застарена, непрегледна и не нуди можност за поголема интеракција на наставниците и студентите, поради што Факултетот во мај 2024 година почна нејзино комплетно редизајнирање.

**Прилози**
2.7.А - Линк до страната на факултетот - Прв циклус
2.7.Б. - Линк до страната на факултетот - Втор циклус
2.7.В. - Линк до страната на факултетот - Трет циклус

| | |
|---|---|
| 2.8. Високообразовните установи ги следат и периодично да ги ревидираат своите студиски програми со цел истите ги | Извештаи за спроведена настава или информација за следењето на изведувањето на наставата; |

| | |
|---|---|
| постигнат поставените цели и да ги задоволат потребите на студентите и општествената заедница. Ревизијата е насочена кон континуирано подобрување на студиските програми. За активностите кои се планираат или се преземаат врз основа на ревизијата треба да се информираат сите засегнати учесници. | Индикатори и заклучоци;<br>Приказ на ревидирани студиски програми во последните пет години со информации за природата на измената причините за спроведените промени и очекуваните резултати. |

Студиските програми периодично се ревидираат со цел да ги постигнат поставените цели и да ги задоволат потребите на студентите и општествената заедница.

Факултетот за драмски уметности – Скопје континуирано ги следи и периодично ги ревидира своите студиски програми со цел истите ги постигнат поставените цели и да ги задоволат потребите на студентите и општествената заедница во рамки на законски предвидените рокови за акредитација, односно реакредитација на студиските програми. За сите промени, учесниците и засегнатите страни се навремено известени. Информациите за сите ревидирани студиски програми, како и за новововедените студиски програми се навремено објавени на веб страната на Факултетот, и достапни за сите заинтересирани страни.

Постапката за акредитација-реакредитација се спроведува редовно, на пет години, а согласно упатствата започнува една година пред истекот на тековната акредитација на соодветната студиска програма/и.

Процесот на ревизија на студиските програми содржи:

- Анализи во рамки на катедрите преку корисење на интерни квантитативни податоци, информации за потребите во дејностите (од претставници на организации од областа на театарот и филмот), истражување на ставови на студентите (на пр. повремени неформални фокус групи) и компаративни анализи (структура на програми на сродни и релевантни европски универзитети)
- Анализи на човечки, финансиски и технички ресурси, односно просторни капацитети
- Усклaдување на различните студиски програми во согласност со ресурсите/капацитетите на факултетот и позитивна регулатива (на пр. законски одредби за ограничен број на предмети/часови на наставник)

Ваквиот процес, особено во аналитичкиот дел не е детално разработен/документиран што резултира во ограничена систематичност, односто потреба за негово подобрување во следниот период.

Исто така, некои промени во наставните програми или воведување на нови студиски програми не може да се направат затоа што Факултетот не може да обезбеди финансии за соодветни просторни, технолошки услови и нов наставен кадар.

**Прилози**

2.8.А - Линк до студиски програми на ФДУ

2.8.Б - Извештаи за одржана настава во учебната 2023/2024 - зимски семестар

2.8.В - Извештаи за одржана настава во учебната 2023/2024 - летен семестар

| | |
|---|---|
| 2.9. Статистичките податоци (бројот на предмети кои се реализираат, бројот на студенти, оцени, број и причини за напуштање на студиите итн.) редовно се следат и системски се анализираат. | Статистички податоци (бројот на предмети кои се реализираат, бројот на студенти, просечни оцени по предмети, број и причини за напуштање на студиите итн.) по академски години за последните пет години. |

На факултетот за драмски уметности студиските програми се реализираат циклично, тоа значи дека не секоја година се запишуваат студенти на сите програми.

Во текот на учебната 2023/2024 бројот на предмети кои се реализирале во рамките на зимскиот и летниот семестар изнесува: Прв циклус - 160, Втор циклус - 16, Трет Циклус - Во рамките на овој циклус имаме активни 13 студенти, но тие сите веќе завршиле со слушање на предметите во претходната учебна година и во текот на 2023/2024 се веќе во процес на работа на својата дисертација, затоа бројот на реализирани предмети на трет циклус за учебната 2023/2024 е 0.

Податоци кои се однесуваат на студентите.

Прв циклус студии:

Во учебната 2023/2024 година, бројот на студенти е 59.

Во 2023/2024 година просечната оценка на студентите изнесува 9,44.

Во учебната 2023/2024 бројот на студенти кои ги напуштиле студиите е 0.

Втор циклус на студии:

Во учебната 2023/2024 на втор циклус студии (прв и втор уписен рок), се запишале 26 кандидати.

Во 2023/24 година на вториот циклус на студии магистрирал вкупно 1 кандидат.

Во 2023/2024 година просечната оценка на студентите изнесува 8,40.

Трет циклус на студии:

Во 2023/2024 година студираат вкупно 13 кандидати. Во 2023/24 година со највисоко звање Доктор на науки се стекнале 3 кандидати.

| |
|---|
| Високиот просек се должи на малите групи студенти и можноста на наставниците да работат индивидуално со секој студент. Сепак, Советот за квалитет ќе треба да направи дополнителни анализи дали критериумите и системот на оценување треба да се корегираат. |
| **Прилози**<br>2.9.А. - Дополнителен образец<br>2.9.Б. - Дополнителен образец<br>2.9.В. - Предмети од прв циклу за двата семестри од IKnow систем<br>2.9.Г. - Предмети од втор циклус за двата семестри од IKnow систем<br>2.9.Д - Податоци за студенти |

## Стандард 3

| СТАНДАРД 3: УЧЕЊЕ, НАСТАВА И ВРЕДНУВАЊЕ НАСОЧЕНО КОН СТУДЕНТОТ | |
|---|---|
| **Индикатор** | **Документација** |
| 3.1. Установата има развиен механизам кој гарантира дека програмите се изведуваат на начин со кој се мотивираат студентите да земат активно учество во креирањето на процесот на учење и дека оценувањето на студентите го отсликува овој процес. | Приказ на системот за изведување на настава на ниво на установа;<br>Акт/правила/стандарди или индикатори за квалитет во наставата;<br>Конкретни примери за активно учество на студентите во процесот на учење. |
| Факултетот за драмски уметности заклучно статутот и правилниците за работа на УКИМ и ФДУ, во континуитет ја следи работата и активноста на секој студент, во континуитет преку целата година, Како во првиот така и за време на вториот циклус на студии. Менторскиот пристап налага континуирана комуникација и следење на работата, односно наставните и воннаставните активности.<br>Јасно се дефинирани надлежностите во Статутот на Факултетот за драмски уметности кои обезбедуваат процес на изведување на студсиките програми и начините за мотивација на студентите активно да учествуваат во процесите на учење и стекнување вештини.<br>Според Правилникот за условите, критериумите и правилата за запишување и студирање на прв и втор циклус студии на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, 2018.<br>При изведувањето на наставата се користат интерактивни методи покрај редовната настава и вежби, семинарски трудови, истражувачки проекти, теренска настава, практична настава, панел дискусии, презентации, изложбени активности и др. Предметните програми го прецизираат завршното оценување кое е јавно и транспарентно, и се одвива во однапред дефинирани термини кои се во договор со студентската организација.<br>Сите документи неопходни за информирање на студентите се достапни на интернет страната на факултетот. | |
| **Прилози**<br>3.1.А СТАТУТ на ФДУ- Факултет за Драмски Уметности- Скопје<br>3.1.Б Одлука за правила на студирање на прв циклус студии (додипломски студии) и втор циклус студии (постдипломски студии) на Универзитет „Св.Кирил и Методиј“ во Скопје, Факултет за драмски уметности - Скопје УГ.бр. 589 од 08.02.2022 година<br>3.1. В Информатор за студентите на ФДУ Факултет за Драмски Уметнскости Скопје - Скопје, УКИМ<br>3.1.Г Сите елаборати за студиските програми се приложени со линкови во делот со Општи информации на страница 5 од овој документ, каде ги има и решенијата за почеток со работа и решенијата за акредитација.<br>3.1.Д Распоред на часови | |
| 3.2. Установата ја почитува различноста на студентите и нивните потреби, овозможува флексибилни пристапи на учење. Се користат различни модели на реализација | Приказ на реализацијата на наставата за секоја студиска програма одделно;<br>Опис на начините на изведување на наставата за сите студиски |

| | |
|---|---|
| на настава онаму каде е тоа возможно како и мноштво на педагошки методи. | програми;<br>Конкретни примери за иновативни методи во изведување на наставата. |

Во Правилникот за условите на студирање на студиските програми на прв и на втор циклус на студии на Универзитет Св. Кирил и Методиј во Скопје (член 25 - и останатите Член 26-31) се наведени и детално елаборирани начините преку кои може да се изведува наставата (иако не се ограничува само на истите) ФДУ- Факултет за Драмски Уметности - Скопје: предавања, вежби, консултации, семинарски работи, домашни задачи, проекти, теренска настава, курсеви и сл. Се остава флексибилност и за вклучување (лице во лице или виртуелно) на предавачи и гости од други високо образовни и институции во наставата на факултетот. Сите овие можности не се целосно искористени од ФДУ и за подобрување на таа состојба ќе треба да се посвети внимание во Акцискиот план.

Во Одлуката за правила на студирање на прв и втор циклус студии (член 21) јасно се наведени начините и механизмите, односно што може да биде предмет на оценување - колоквиуми, вежби, практична работа, презентација, теренска настава, проектна работа и многу други работи предвидени во предметната програма.

Деталните начини во пристапите и флексибилност во учењето/наставата согласно потребите на студентите се презентирани во Информаторот за студирање кој секоја година го објавува Драмскиот факултет -Скопје (Прилог 3.1.В), а посебно во Елаборатите за акредитација на секоја студиска програма посебно (наведени подолу). Тука јасно и детално за секоја студиска програма, меѓутоа и за секоја научна дисциплина посебно - се елаборирани пристапите во наставата. Се разбира секој од овие механизми одговара на природата на студиската програма - практична задача, проект, домашна работа, истражувачки есеј, подготовка на литература, изведување на презентации, посебни вежби, определени курсеви итн.

Пример за иновативни методи на одржување на наставата се: воведување на активен пристап на работа, презентација на современите актуелни текови во театролошката наука, дебатни активности поврзани со материјалот, самостојно истражување на студентите, настава надвор од факултетот, поврзана со истражување на театарските и перформативните уметности. Следно предиспитни настапи во средни училишта, и други простори, настап на античкиот македонски театар во Стоби, Скупи како и видео снимки од настапите и испитите кои се достапни за јавноста. Следно, Интердисциплинарен метод – создавање на тимови кои претставуваат свој проект, со претставници од различни катедри – режија, камера, монтажа, продукција. Овозможување студените да се запознаат со професионалци од областа како и запознавање со телата на финансирање на филмски проекти.

**Прилози**

3.2.А За прилози погледнете во делот 3.1.

3.2 Б Сите елаборати за студиските програми се приложени со линкови во делот со Општи информации на страница 5 од овој документ, каде ги има и решенијата за почеток со работа и решенијата за акредитација.

| | |
|---|---|
| 3.3. Установата редовно врши адаптација на начините на изведување настава. Наставата се темели на интерактивно учење и учење ориентирано кон студентот. Пристапот на учењето е фокусиран на студентот, развојот на неговите вештини и компетенции. Пристапот е интердисциплинарен, базиран на студии на случај (case study) приспособен на циклусот на студии. Студиската програма вклучува и учење базирано на проекти. | Примери на студии на случај кои се користат во наставата, реализирани проекти во наставата или други методи релевантни за студиската програма и сл.;<br>Примери/извештај за следење на наставата и постапување по слабости;<br>Примери на извршена адаптација на начините на изведување на наставата. |

Редовно се адаптираат начините на изведување на наставата. Секоја студиска програма и компетенциите, вештините кои ќе ги обезбедува - јавно и транспарентно се објавуваат во дескрипторите на истите на веб страната Факултетот за драмски уметности-Скопје.

За секоја посебна студиска програма се елаборирани целите, компетенциите, вештините кои треба да ги обезбеди, начинот на кој го остварува истото (каде посебен е фокусот на пристапите кои обезбедуваат и интерактивно учење насочено кон студентот). Ова може да се види подетално во Информаторот за студирање објавен за сите студиски програми на веб-страната на Факултетот:
http://www.fdu.ukim.edu.mk/index.php?mn_sel=fdu_sp

Наставата се темели на интерактивно учење и учење ориентирано кон студентот и развојот на неговите вештини и компетенции. Тоа се остварува преку зголемена практична настава и редовно учество во театарски и филмски проекти заедно со своите наставници.

**Прилози**

3.3.А. - За прилози погледнете во делот 3.1.

3.3.Б Сите елаборати за студиските програми се приложени со линкови во делот со Општи информации на страница 5 од овој документ, каде ги има и решенијата за почеток со работа и решенијата за акредитација.

| | |
|---|---|
| 3.4. Сите кои учествуваат во оценувањето на студентите (наставници, соработници итн.), се запознаени со постојните методи на тестирање и испитување и добиваат поддршка во развивањето на сопствени вештини во ова поле; оценувањето вклучува различни формални алатки за оценување, лабораториски вежби, задачи, проекти итн. | Преглед на методите на оценување и испитување на студентите за секој предмет од студиската програми со приказ на различни формални алатки за оценување, лабораториски вежби, задачи, проекти итн. |

Професорите го вршат оценувањето и формирањето на оценката според претходно востановена практика на факултетот, но притоа тоа е модифицирано согласно проблематиката на секој предмет и начинот на реализирање на наставата, односно дали станува збор за практично-теоретска настава или само теоретска настава.
На пример, по предметот Практикум по филмско и ТВ снимање 2, кој е доминантно практичен предмет, оценката се фомира според освоените бодови (максимум 100), тоа: присуството и активноста на предавањата се вреднува до 30 бода, реализираните вежби и задачи до 15 бода, квалитетот на реализираните задачи до 15 бода, техничко-технолошките способности до 10 бода, самостојната работа до 5 бода, користењето литература до 20 бода, самоиницијативата за истражување до 5 бода. Од друга страна, Историја на уметност, како предмет кој е историско-теоретски, бодувањето е направено на следниов начин: редовно следење на предавања до 45 бода, семинарска работа на зададена тема до 25 бода и завршно оценување до 30 бода.

**Прилози**
3.4.А – Дополнителен образец Additional form
3.4.Б – Дополнителен образец Additional form
3.4.В Сите елаборати за студиските програми се приложени со линкови во делот со Општи информации на страница 5 од овој документ, каде ги има и решенијата за почеток со работа и решенијата за акредитација.

| | |
|---|---|
| 3.5. Критериумите и методите на вреднување и оценување на студентите се однапред објавени и познати. | Линк до веб страна или друг документ во кој се опишани критериумите и методите на вреднување и оценување. |

Критериумите за вреденувањето и оценувањето на студентите е детално опишано во Правилата на студирање на ФДУ
Дополнителни специфични информации се објавени во Елаборатите на студиските програми, односно во силабусите на предметните програми. Сите овие документи се јавно објавени и достапнни на веб страницата на факултетот.

**Прилози**
3.5.А. - За прилози погледнете во делот 3.1.
3.5.Б Сите елаборати за студиските програми се приложени со линкови во делот со Општи информации на страница 5 од овој документ, каде ги има и решенијата за почеток со работа и решенијата за акредитација.

| | |
|---|---|
| 3.6. Оценувањето им овозможува на студентите да го демонстрираат степенот на постигнати резултати од учењето. Студентите добиваат повратни информации кои, по потреба се поврзани со совети за понатамошниот процесот на учење. Оценувањето се спроведува доследно и праведно за сите студенти, во согласност со постојните процедури. Резултатите ги исполнуваат очекуваните исходи од учењето. Начинот на оценување е прилагоден на целите на предметите. Каде што е возможно, оценувањето се спроведува од страна на повеќе испитувачи. | Просечни оцени постигнати од студентите по предмет за сите студиски програми, по академска година за последните пет години (доколку е применливо);<br>Информација за начинот за доставување на повратни информации до студенти во делот на оценувањето;<br>Конкретни примери на иновативни пристапи во оценувањето;<br>Примери на предмети каде оценувањето се спроведува од повеќе испитувачи. |

Една од најголемите предности и придобивки на студирањето во мали групи е можноста професорот одблизу и во детали да се запознае со силните и со слабите страни на секој студент, како и со неговиот напредок речиси на дневно ниво. Наставникот има можност преку индивидуална работа со студентот да дојде до посакуваните резултати. Оттука, оценувањето на Факултетот за драмски уметности е објективно и прилагодено на целите на предметите. Студентите по стручно уметничките предмети се оценувани во текот на целиот семестар, следејќи ги нужните индикатори за формирање на оцена. Дополнително од особено значење е изработката на практичните вежби и демонстрирање на стекнати знаења и вештини и низ изведбените активности и снимените аудиовизуелни материјали. Студентите континуирано добиваат информации за напредокот и индивидуално се советуваат за понатомошниот процес на учење.
Повратните информации се проследуваат консултативно, усно и преку електронска адреса. Наставата на ФДУ е доминантно со индивидуален пристап и редовни речиси секојдневни средби со студентите и следење на активности околу творечките инспирации и практичните вежби.
Оценување од повеќе испитувачи е обично пракса за комисиско полагање на испитите. Но, во оценувањето се консултираат и

асистентите и стручните соработници.

Иновативен пристап во оценување пример може да наведеме дека оценувањето се базира најмногу на активност на часовите и иновативните решенија поврзани со материјата што се изучува. Друг пример Подготовка и реализација на испитите, во пред испитни настапи во средни училишта во Скопје. Првиот дел од оценувањето е пред-испитен настап пред средношколка публика во нетеатарски простор. Вториот дел од оценувањето е беседење над зададена книга поврзана со наставата. Третиот дел е испит на матичната сцена на ФДУ. Понатаму постојат испити каде полагањето се одвива во две фази. Првата фаза е каде студентите полагаат со зададени гласовни задачи пред комисија составена од релевантни професори и тоа е потешкиот и позначаен дел, затоа што секој студент тоа го прави индивидуално. И, вториот дел е отворено полагање пред публика, каде студентите се претставуваат со групни вежби.

**Прилози**

3.6.А. За прилози погледнете во делот 3.1.

3.6.Б Сите елаборати за студиските програми се приложени со линкови во делот со Општи информации на страница 5 од овој документ, каде ги има и решенијата за почеток со работа и решенијата за акредитација.

3.6.В Просечни оцени по предмети

| | |
|---|---|
| 3.7. Во установата постои формална процедура за жалба вклучувајќи и пријава на корупција од студентите на сите видови на студии. Системот е функционален и ефикасен. | Акт во кој е регулирана постапката по жалба од студентите;<br>Акти за спречување на корупцијата на установата;<br>Приказ на поднесени жалби на студенти вклучувајќи и пријави на корупција во последните пет години со процент на позитивно и негативно решени жалби;<br>Приказ на пријави на корупција во установата. |

Системот и процедурите за поднесување на жалби, пријави за корупција ги следи строго поставените процедури и постапки за жалби и пријавување корупција дефинирани во Закон за заштита на укажувачите (Службен весник на Република Македонија бр. 196/2015, 35/18, 257/20); Правилник за заштитено внатрешно пријавување во институциите во јавниот сектор; - а посебно во деталната Процедура за прием на пријави од укажувачи, издвојување и обработка на податоците од пријавите - сите транспарентно објавени на веб страната на Факултетот. Согласно оваа Процедура за прием на пријави од укажувачи, издвојување и обработка на податоците од пријавите - Факултетот за дамски уметности, е пропишана целта процедура/постапката за прием на пријави од укажувачи, издвојување и обработка на податоците од пријавите и преземање на мерки за обезбедување и заштита на личните и друг податоци кои се однесуваат на укажувачите и на пријави од укажувачи со примена на прописи за заштита на лични податоци.

- Дефиниран и транспарентно презентиран систем на евиденција на доставување, постапување и исход од секоја постапка

Согласно оваа Процедура на Факултетот, по доставување на секоја пријава и по завршување на секоја постапка овластеното лице составува извештај за исходот од постапката како и за преземените/предложените мерки за отстранување на противправните дејствија по пријавата и на штетните последици по укажувачот настанати во врска со внатрешното пријавување (член 11). Извештајот се заверува и архивира исто како и пријавата за постапката. Овластеното лице е задолжено да изготвува полугодишни извештаи за примени пријави од укажувачи и истиот го доставува до Државната комисија за спречување на корупција (член 14).

Факултетот на својата веб страна. согласно регулативата има јавно поставено и лице овластено лице за прием на пријави од укажувачи како и контакт за поднесување на пријави за заштитено внатрешно пријавување:
http://www.fdu.ukim.edu.mk/doc_download/OvlastenoLice-Ukazuvaci.pdf

- Факултетот има отворена политика на прием на жалби /пријави

Постои и отворена политика на Факултетот со која се зема редвид и секоја жалба, пријава која е доставено по електронска пошта или лично пренесена до било кој член од управата на факултетот. Менаџментот на факултет при секој допрен глас ќе го активира целиот законски поставен систем и сите процедури кои стојат на располагање.

Во учебната 2023/24 немало пријави по овој основ.

**Прилози**

3.7 А - Закон за заштита на укажувачите (Службен весник на Република Македонија бр. 196/2015, 35/18, 257/20).

3.7 Б - Правилник за заштитено внатрешно пријавување во институциите во јавниот сектор

3.7 В Процедура за прием на пријави од укажувачи, издвојување и обработка на податоците од пријавите

3.7 Г Овластено лице за прием на пријави од укажувачи: Светлана Деспотовска - E-mail адреса за поднесување на пријави за заштитено внатрешно пријавување: http://www.fdu.ukim.edu.mk/doc_download/OvlastenoLice-Ukazuvaci.pdf

## Стандард 4

<table>
<tr><th colspan="2">СТАНДАРД 4: ЗАПИШУВАЊЕ И НАПРЕДУВАЊЕ НА СТУДЕНТИТЕ, ДИПЛОМИ И СЕРТИФИКАТИ</th></tr>
<tr><th>Индикатор</th><th>Документација</th></tr>
<tr><td>4.1. Високообразовната установа соодветно ги спроведува однапред утврдените и објавени прописи кои ги покриваат сите фази на студирањето, т.е. запишувањето, напредувањето за време на студиите, дипломата и сертификатите. Прописите се јавно достапни.</td><td>Акт во кој е регулирано прашањето;<br>Линк до веб страна на објавата.</td></tr>
<tr><td colspan="2">Во Правилникот за условите на студирање на студиските програми на прв и на втор циклус на студии на Универзитет Св. Кирил и Методиј во Скопје јасно се утврдуваат условите, критериумите, правата и постапката за запишување и студирање на прв циклус студии (додипломски студии) и втор циклус (постдипломски студии).<br>Во Одлуката за правилата на студирање на прв и втор циклус студии на Универзитет Св. Кирил и Методиј во Скопје, Факултет за драмски уметности - Скопје уште подетално се образложени и уредени уписните постапки, студентскиот календар, напредувањето за време на студиите, премин од една програма во друга за време на студирањето, испитниот режим, завршување на студиите, условното напредување, признавањето на испитите и другите образовни активности положени на различни образовни установи, видот на исправите кои му се издаваат на студентот врз основа на евиденцијата определена во Законот за високо образование, заштита на правата на студентите, органите надлежни за водење на постапките и одлучување, дисциплинската одговорност и правата и должностите на студентите во дисциплинската постапка и други права и должности на студентите.</td></tr>
<tr><td colspan="2">Прилози<br>4.1.А. Правилник за условите, критериумите,правилата и постапката за запишување и студирање на прв циклус студии (додипломски студии) и втор циклус студии (постдипломски студии) на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје УГ.бр.413 од 27.11.2018г.<br>4.1.Б. Закон за високо образование<br>4.1.В.. СТАТУТ на Факултетот за драмски уметности - Скопје<br>4.1.Г. - Одлука за правила на студирање на прв циклус студии (додипломски студии) и втор циклус студии (постдипломски студии) на Универзитет „Св.Кирил и Методиј“ во Скопје, Факултет за драмски уметности - Скопје УГ.бр. 589 од 08.02.2022 година<br>4.1.Д. - Правилник за условите, критериумите,правилата за запишување и студирање на трет циклус академски студии - докторски на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје УГ.бр.530 од 31.12.2020г.</td></tr>
<tr><td>4.2. Установата има развиено функционална постапка и/или алатки за собирање и следење и за напредок на студентот и делува врз основа на добиените информации.</td><td>Информација за постоење на соодветни алатки за следење на напредокот на студентот;<br>Доказ дека системот е функционален.</td></tr>
<tr><td colspan="2">Студиите на Факултетот за драмски уметности се остваруваат според правилата за студирање засновани на Европскиот кредит трансфер систем на пренос и акумулација на кредити – ЕКТС. Студентот потребниот број кредити го остварува преку континуирано или завршно оценување на сите активности предвидени со предметната програма.<br>Следењето и водењето на евиденција на напредокот на студентите се врши согласно дефинираната рамка во Законот за високо образование, Одлука за правила на студирање на прв и втор циклус студии на Универзитет Св. Кирил и Методиј во Скопје, Факултет за драмски уметности - Скопје и Правилник за условите на студирање на студиските програми на прв и на втор циклус на студии на Универзитет Св. Кирил и Методиј во Скопје.<br>Согласно Законот за високо образование (Член 159) -на високообразовните установи се водат матична книга на запишани студенти и главна книга на дипломирани студенти и досие на секој студент. Формата и начинот на водењето (во материјална и електронска) и содржината на матичната книга на запишани студенти и главната книга на дипломирани. студенти ги пропишува министерот надлежен за работите на високото образование.<br>Матичната книга на запишани студенти и главната книга на дипломираните студенти се документи од трајна вредност. Согласно наведените прописи се води студентско досие во хартиена и електронска форма каде што</td></tr>
</table>

| | |
|---|---|
| јасно може да се видат сите активности поврзани со напредокот на студентот низ студирањето. Исто така се води и матична книга на студентите каде што се наведени сите информации, генералии и чекори за секој студент за време на студирањето.<br>Електронски систем на евиденција на напредокот на студентите, како и следење на неговите активности низ процесот на студирање - како од страна на Факултет за драмски уметности - Скопје, така и од секој поединечен студент - овозможува IKNOW СИСТЕМОТ - во овој систем секој вработен на факултетот и секој регистриран студент по безбедносна автентикација може да пристапи до информации за своите активности и напредок низ студискиот процес согласно привилегиите кои му се дадени. Системот се ажурира во реално време. | |
| **Прилози**<br>4.2.А. - Електронски систем - iknow.ukim.mk,<br>4.2.Б -. Упатство за користење на електронскиот систем | |
| 4.3. Високообразовната установа има развиено постапка за признавање на периодите на студирање и претходно учење, што вклучува и признавање на неформалното и формалното учење, на студентите за време на студиите, вклучувајќи и за време на мобилноста на студентите. | Акт во кој е регулирано прашањето;<br>Листа на студенти на кои им е признато неформалното и формалното учење вклучувајќи и за време на мобилноста, за последните пет години. |

Во Законот за високо образование (Службен весник 102/2018) и Одлуката за правилата на студирање на прв и втор циклус студии на Универзитет Св. Кирил и Методиј во Скопје, подетално се образложени и уредени напредувањето за време на студиите, премин од една програма во друга за време на студирањето, повторување на семестарот, условното напредување, признавањето на испитите и другите образовни активности положени на различни образовни установи, продолжување на студиите по прекинување, паралелното, интердисциплинарното и индивидуалното студирање.

Информации за определени образовни активности, како и реализирана мобилност исто така се евидентира и во студентското досие (го води службата за студентски прашања) - кое се води за секој студент и таму се евидентираат сите сегашни и претходни образовни активности и мобилности. Постојат посебни процедури и евиденција на пријавите и реализираните мобилности на студентите (посебно Еразмус). Согласно Законот за високо образование (член 159) на високообразовните установи се водат матична книга на запишани студенти и главна книга на дипломирани студенти и досие на секој студент.

Во рамките на студиите од втор циклус, во академската 2021/2022 година по барање од Министерството за образование Факултетот за драмски уметности го прифати преминувањето на студентите запишани на Јавната научна установа „Институт за филм – Филмска академија“ – Охрид (ЈНУ ИФФА) и продолжувањето на студиите на тие студенти на ФДУ, заради реализација на студиската програма на студентите, односно за заокружување на започнатите студии на студентите кои веќе биле запишани и студирале на студиските програми на ЈНУ ИФФА, на соодветните студиски програми од втор циклус (3+2) на ФДУ.Заклучно со 2023/24, од преземените студенти, еден кандидат ја одбрани магистерската теза, додека деветмина ја имаат пријавено и одбрено од ННУС темата и работат на магистерската под менторски надзор.

Во тековната учебна година нема регистиратно студенти на мобилност преку Еразмус или други програми.

Со оглед на спецификите на уметничките оддели на Факултетот, студентите земаат учество на најразлични манифестации и фестивали во земјата и странство и работат на професионали филмски, телевизиски и тетарски продукции.

Од позачајните настапи и учества во тековната учебна година се издвојуваат:

- Мартина Даниловска, Христијан Ристески и Мина Јелушиќ - студенти од класата Драмски актери 2021/25, Ева Стојчевска, Ирена Димеска и Иво Јездиќ, студенти од класата Драмски актери 2022-2026 во април-мај, 2024 беа ангажирани во снимањето на долгометражниот игран филм „17“ (реж. Косара Митиќ, Скопје филм студио),
- Студентката Тина Величковиќ со филмот „Тага“ беше во конкуренција за главна награда на фестивалот Камео во Чачак, Србија, а со филмот „Прогестерор(н)” освои втора награда за режија на „Лесковачки интернационални фестивал филмске режије“
- Учество на 9 студети на 48-то издание на Млад отворен театар (МОТ) со претставата „Вилицата на Ибен Бајерс“, во режија на Борис Василески, селектирана за наградата „Биш”.
- Организација на филмскиот фестивал Меѓународна студентска филмска платформа „Хај-Фај“ од Факултетско студентско собрание на Факултет за драмски уметности – Скопје, со околу 100 учесници од

академиите од  академиите од повеќе држави меѓу кои од Србија, Косово, Словенија, Бугарија, Црна Гора, Босна и Херцеговина.

- Учество на 3 студенти на Интернационален театарски фестивал „ИНТЕФ“ во Шабац, Србија со претставата „Прошетка низ шумата“, во режија на Кристијан Атанасов - добитник на наградата за „Најдобра машка улога во студентска селекција“ од стручното жири.

Факултетот беше домаќини на 3 студент(к)и од Академијата за уметности при Универзитетот Фонтис од Холадија, од 12 до 14.12.2023 кога се одржа тридневна работилница „Уметноста на создавањето театар со изведување музика во живо („The art of theater making with live music“) наменета за студент(к)и по театарска режија, актерска игра и музичка композиција во Салата за сценски движења и танци на ФДУ.

**Прилози**

4.3.А. - Закон за високо образование

4.3.Б - Дополнителен образец - Запишување на студентите

| | |
|---|---|
| 4.4. По завршувањето на студиите, студентите добиваат документација која ја појаснува стекнатата квалификација, компетенции и резултати од учењето, степенот, содржината и статусот на успешно завршените студии. Документација е јасна, разбирлива и сеопфатна. | Диплома, уверение и додаток на диплома |

По завршувањето на студиите, студентите добиваат јасна и разбирлива документација која ја појаснува стекнатата квалификација, компетенции и резултати од учењето, степенот, содржината и статусот на успешно завршените студии.

Со Статутот на Универзитетот е предвидено дека на „студентот му се издаваат следните јавни исправи: диплома, додаток на диплома и уверение за завршен циклус на студии“.

Во Законот за високо образование (Оддел 5, член 155) јасно е дефинирана рамката и содржината на Дипломата, уверението и додатокот на диплома, додека во посебен Правилник во Службен весник 102/2018 детално е утврдена формата и содржината на секој посебен документ кој се издава по завршување на студиите.

**Прилози**

4.4.А. СТАТУТ на Факултетот за драмски уметности - Скопје

4.4.Б. Правилник за содржината и формата на дипломата, упатството за подготовка на додаток на дипломата и на другите јавни исправи (Сл.весник на РМ бр.102/18)

4.4.В - Диплома

4.4.Г - Додаток на диплома

4.4.Д - Уверение за положени испити

## Стандард 5

| СТАНДАРД 5: НАСТАВЕН КАДАР[3] | |
|---|---|
| **Индикатор** | **Документација** |
| 5.1. Високообразовната установа обезбедува компетентен наставен кадар за реализација на студиските програми. Квалификациите на наставниот кадар вклучен во изведувањето на студиските програми се соодветни на профилот и концептот на студиите како и на предвидените наставни предмети. | Биографии на ангажираниот наставен кадар на сите студиски програми во Europass формат (со информации за последните пет години, информации за профилот вклучувајќи завршени циклуси на студии и стекнато звање, податоци за остварена научноистражувачка работа и резултати);<br>Одлуки за избор во звање;<br>Преглед на предмети кои кадарот го предавал во изминатите пет години на сите циклуси на студии на установата (прикажан поединечно и по азбучен ред на презимето на вработеното/ангажираното лице). |

Предметните наставници кои ја држат наставата на Факултетот за драмски уметници се истакнати научници и уметници од областа што ја предаваат. Тоа го потврдува и надлежното тело за акредитација кое утврдува дека квалификациите на наставниот кадар вклучен во изведувањето на студиските програми се соодветни на профилот и концептот на студиите како и на предвидените наставни предмети.

Во периодот за кој се однесува овој документ, работеле вкупно 29 професори од кои 18 редовни професори и 11 вонредни професори, при што два професори заминале во пензија и еден дал отказ. Моментално на Факултетот работат вкупно 30 лица избрани во наставно-научно звање, од кои 16 редовни професори, 11 вонредни професори и 3 доценти. Вработени се и 4 асистенти, 1 корепетитор и 3 апликативни продуценти.

Информации за областа и позицијата во која е избран секој наставник, областа во која што магистрирал или докторирал, биографијата и реферaтот за избор може да се видат во соодветните билтени кои што се наведени во Прилог 5.1

Податоци во врска со предметите кои ги држи секој од наставниците на сите три циклуси може да го погледнете во прилог број 5.3.А

**Прилози**
5.1.А. - Податоци за вработени
5.1.Б **-** CV на вработени

| | |
|---|---|
| 5.2. Објавените трудови на наставниот кадар во референтни научните публикации во последните 5 години се релевантни и придонесуваат во развојот на квалитетни студии односно научната област. | Преглед на бројот на објавени трудови во референтни научни публикации (согласно чл.2 т.21 од ЗВО) на наставниот кадар во последните пет години прикажан групиран по категории предвидени во чл. 2. т.21 (А-Ѓ) од ЗВО. За секоја категорија се презентираат резултатите по азбучен ред на презимето на вработеното/ангажираното лице како и вкупниот број трудови за високообразовната установа;<br>Листа на објавени трудови во референтни научни публикации со линк до публикацијата/трудот. |

Како факултет од областа на уметноста, ФДУ покрај научно – истражувачки проекти, првенствено е ангажиран во изработка на уметнички дела од областа на сценските, драмските, филмските, телевизиските и други визуелни уметности.

Наставниците со своите дела и учество го претставуваат како Факуклтетот така и државата на сите фестивали и манифестации на кои учествуваат во и вон официјална конкуренција за награди. Од позначајните учества се на ИФФК "Браќа Манаки", МТФ „Војдан Чернодрински", Sarajevo Film Festival, Cottbus Film Festival, РУТА итн. Претставите на пофесорката м-р Зоја Бузалковска по театарска режија „Чудна случка со кучето во ноќта" во 2023

3 Се однесува на лицата избрани во наставно-научни, наставно-стручни, научни, наставни и соработнички звања, кои вршат високообразовна дејност.

| | |
|---|---|
| година и „Иванов“ во 2024 година беа апсолутни победници на најзначајниот театарски фестивал во државата „Војдан Чернодрински“.<br><br>Наставниците Дејан Илиев и Илија Циривири се продуценти на филмот „Лена и Владимир“ кој освои награда за најдобар филм на Julien Dubuque International Film Festival – USA, Прва награда од публика и Специјална награда од жири на Novi Sad Film Festival во Србија.<br>Антонио Митриќески е Лауреат на наградата „Астер“ 19. „Астерфест“. | |
| **Прилози**<br>5.2.А.- Листа на објавени трудови во референтни научни публикации<br>5.2.Б – Листа на професионални активности | |
| 5.3. Оптоварувањето на кадарот во делот на наставата е балансирано. Наставниот кадар се ангажира согласно законските одредби. Бројот на часови на наставниот кадар на годишно ниво е соодветен за реализација на квалитетна настава. | Преглед на бројот на одржаните часови на наставниот кадар и предметите кои ги предавале на сите циклуси на студии (прикажан поединечно и по азбучен ред на презимето на вработеното/ангажираното лице за сите циклуси на студии (прв, втор и трет циклус на студии, доколку е применливо). Се води сметка за примената за чл.161 ст. 9 и 10 од ЗВО.[4];<br>Одлуки за распоред на работи и работни задачи за сите циклуси на студии во последните пет години;<br>Извештаи за спроведена настава за сите циклуси на студии во последните пет години (доколку е применливо);<br>Доказ дека на установата има најмалку 10 лица во наставно-научни звања во работен однос со полно работно време. |
| Во делот на наставниот процес кадарот на Факултет за драмски уметности е вклучен во наставно образовните процеси на прв, втор и трет циклус на студии. Оптовареноста на кадарот е во согласност со Правилник за систематизација на работните места на Факултетот и со чл.161 од Законот за високо образование член , при што нема наставници кои имаат повеќе од 4 предмети во текот на семестарот на прв и втор циклус студи (5.3.В).<br>Студиските програми се одликуваат со мултидисциплинарност, кадарот е со широк дијапазон на експертиза и предава по избор при што има одредена насоченост во број на предмети по наставник во рамки на дадена студиска програма. Бројот на часови на наставниот кадар на годишно ниво е соодветен за реализација на квалитетна настава.<br>Што се однесува до балансираноста, може да се каже дека нема целосен баланс, односно има пооптоварени и помалку оптоварени наставници. Фактор за тоа е што за одредени работни места испразнети поради смрт или пензионирање со години не добиваме согласност за вработување од надлежните министерства и фондот на часови се концентрира кај мал број наставници. Таков е примерот со катедрите по Филмско и ТВ снимање и Театарска режија каде што имаме вработено само по еден наставник. Исто така, повеќето студиски програми се реализираат во четиригодишни циклуси, па и повеќето предмети се слушаат циклично, еднаш на четири години. | |
| **Прилози**<br>5.3.А - Преглед на бројот на одржаните часови<br>5.3 Б - Извештаи за извршени работни обврски 2021-2024<br>5.3.В - Правилник за систематизација на работни места на Универзитет „Св.Кирил и Методиј“ во Скопје, Факултет за драмски уметности - Скопје ,(Универзитетски гласник бр. 335/2016) и Правилникот за измена и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места на Универзитет ,,Св. Кирил и Методиј,, Скопје, Факултет за драмски уметности Скопје (Анекс 13) ,( Универзитетски гласник бр.401/2018)<br>5.3.Г - Распоред 2023/24 | |
| 5.4. Високообразовната установа има јасни, транспарентни и праведни процеси на вработување, преку услови за работа со кои се препознава важноста од наставната работа. Процесот се базира на академските квалификации и заслуги и нуди еднакви | Акт на установата (на пример, Правилник за избор во наставно – научни звања кој се применува или друг акт во кој е регулирана постапката и критериумите за избор во наставно-научни, наставно-стручни, научни, наставни и соработнички звања); |

4 Лицето избрано во наставно-научно и наставно звање во текот на еден семестар од учебната година може да врши предавање по најмногу четири наставни предмети на прв циклус на студии, на еден или на повеќе универзитети и најмногу четири наставни предмети на втор циклус на студии, на еден или на повеќе универзитети.

| | |
|---|---|
| можности за сите кандидати. Праксата на установата кореспондира со утврдените критериуми. | Преглед на лица избрани во наставно-научни, наставно-стручни, научни, наставни и соработнички звања (со преглед на број на пријавени кандидати, број на избрани кандидати и број на лицата кои не се избрани за сите конкурси во последните пет години).<br>Линк до Билтен во кои се објавени рецензии за избор на наставниот кадар со број на страна. |

Факултет за драмски уметности ги спроведува одредбите на Законот за високото образование (Сл. весник 82/18; 178/21, 58/24) и Правилник за посебните услови и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања и демонстратори на Универзитетот „Св.Кирил и Методиј" во Скопје, огласите ги објавува согласно актите и одлуките за избор ги објавува на интернет страницата, така што високообразовната установа има јасни, транспарентни и праведни процеси на вработување, преку услови за работа со кои се препознава важноста од наставната работа. Процесот се базира на академските квалификации и заслуги и нуди еднакви можности за сите кандидати. (прилог 5.4.В)

Рецензентските комисии за избор на најдобар кандидат имаат целосна автономија во одлучувањето, а бодувањето на кандидатете е транспарентно и максимално објективизирано. Се вреднуваат соодветно квалификациите на секој кандидат одделно. Бодувањето е според јасни и детализирани критериуми. Доколку некој од кандидатите смета дека труд или дело не му е соодветно вреднувано, може да го корегира бодувањето со приговор.

Во прилог 5.1. е даден преглед на лица избрани во наставно-научни, наставно-стручни, научни, наставни и соработнички звања во периодот предмет на евалуација со интернет врски до Билтени во кои се објавени рецензии за избор на наставниот кадар со број на страна.

**Прилози**

5.4.А - Преглед на лица избрани во наставно-научни, научни, наставно-стручни, наставни и соработнички звања

5.4.Б - Закон за Високото образование (Сл. весник 82/18; 178/21,58/24)

5.4.В - Правилник за посебните услови и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања и демонстратори на Универзитетот „Св.Кирил и Методиј" во Скопје (УГ.411/2018)

| | |
|---|---|
| 5.5. Установата има развиено постапка за обезбедување на соодветни работни услови за наставниот кадар. Кадарот располага со соодветна информатичка опрема, пристап до релевантни електронски бази од областа/студиската програма, соодветни просторни услови како и други ресурси релевантни за нивната работа. | Акт на установата или друг акт во кој е регулирано обезбедувањето на соодветни работни услови за наставниот кадар;<br>Попис на функционална информатичка, лабораториска и др. вид на опрема во установата;<br>Попис на информатичка, лабораториска и др. вид на опрема во установата, обезбедена во последните пет години (со вредност на опремата и изворот на финансирање);<br>Преглед на релевантни електронски бази од областа/студиската програма до кои е обезбеден пристап во установата;<br>Преглед и опис на просторни услови за реализација на студиските програми. |

Факултетот само делумно обезбедува соодветни работни услови за наставниот кадар. Работните простории тековно се одржуваат, но поради дотраеноста на бараките, потребни се постојани реновирања и санација што некогаш создава потешкотии во нормалното функционирање на Факултетот.

Генерално, ФДУ располага со соодветна информатичка опрема, соодветни просторни услови како и други ресурси релевантни за нивната работа. Со забелешка дека информатичката опрема и технологијата бргу застаруваат и за да се одржува чекор со технолошкиот напредок и промените потребно е постојано обновување за што се потребни финансии кои Факултетот често пати ги нема па мора да бара донации од други институции и/или општествено одговорни компании.

Исто така, Факултетот нема доволно простор за да им обезбеди соодветни кабинети на сите наставници. Приоритет имаат просторите каде што се одвива наставата (предавални, сцена и сценски простори, сали за кино-проекција, лаборатории за монтажа, камера и сл.)

Управата постојано се ангажира за подобрување на условите, независно дали со поставување на нови бараки, изградба на траен објект на ФДУ или преселување во постоечки објект кој одговара на потребите и спецификите на факултетот.

| | |
|---|---|
| Подетални информации за просторот и опремата на Факултетот се достапни во точка 6.2<br>Според документацијата, односно податоците дадени во точка 6.2 преземени од Елаборат за акредитација на студиска програма на Факултетот, кадарот располага со соодветна информатичка опрема, пристап до релевантни електронски бази од областа/студиската програма, соодветни просторни услови како и други ресурси релевантни за нивната работа<br>Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, како одговор на потребите на својата академска заедница, обезбедува пристап до електронски библиотеки, кои се на располагање на целокупниот наставен кадар на Факултетот<br>Листа на електронски библиотеки со обезбеден пристап:<br>– EBSCO - водечка електронска библиотека која овозможува пристап до повеќе база на податоци за истражување, е-списанија, е-книги и сл.<br>– Cambridge Core - електронска библиотека во издание на Cambridge University Press, која овозможува пристап до списанија кои покриваат над 37 истражувачки области.<br>– OpenEdition - Digital resources in the humanities and social sciences - дигитален академски портал во научните подрачја на општествените и хуманистичките науки, кој нуди пристап до 4 платформи.<br>– Elgar Online - платформа на издавачката куќа Едвард Елгар. | |
| **Прилози:**<br>5.5 А- Податоци за опремата за изведување на наставната и истражувачката дејност | |
| 5.6. Установата нуди можности за професионален развој на наставниот кадар и постојано да го мотивира; редовно организира обуки/тренинзи за наставниот кадар во функција на развој на проактивни и иновативни методи за настава, за нивните педагошки и технички вештини Установата редовно ги следи техничките вештини на наставниот кадар. | Акт на установата или друг акт во кој е регулиран професионалниот развој на наставниот кадар.<br>Листа на обуки/тренинзи за наставниот кадар во функција на развој на проактивни и иновативни методи за настава реализирани во последните пет години и финансирани од установата со листа на учесници и програма;<br>Листа на обуки обуки/тренинзи за наставниот кадар во функција на развој на проактивни и иновативни методи за настава реализирани во последните пет години финансирани од други установи/институции/организации со листа на учесници и програма .<br>Конкретни примери и резултати, најдобри практики на мотивирање на наставниот кадар во последните пет години;<br>Извештај/анализа за техничките вештини на наставниот кадар (доколку е применливо). |
| Факултетот за драмски уметности постојано го мотивира настаниот кадар за учество на настани и обуки, но заради недостиг од финансиски средства не е во можност да ги финансира учествата.<br>Преку Еразмус програмата Вон.проф.д -р Никола Настовски оствари посета на Академијата за театар, радио, филм и телевизија при Универзитетот во Љубљана во април 2024. | |
| **Прилози**<br>5.6.А. – Никола Настоски Еразмус<br>5.6.Б. – Дополнителен образец | |
| 5.7. Установата ангажира визитинг наставници, афирмирани научници, уметници и стручњаци од практиката од земјата и странство во рамките на реализацијата на студиската програма. Нивниот профил е релевантен за студиската програма и носи додадена вредност. | Листа на визитинг наставници, афирмирани научници, уметници и стручњаци од практиката од земјата и странство во рамките на реализацијата на студиската програма (тип на ангажман, област/предмет и период) за последните пет години;<br>Биографии на ангажираните визитинг наставници, афирмирани научници, уметници и стручњаци од практиката од земјата и странство во рамките на реализацијата на студиската програма на сите студиски програми (Europass формат). |
| За реализацијата на студиската програма се ангажираат професори од други единици во рамките на Универзитетот (Прилог 5.7) Во извештајниот период во наставата, согласно финансиските можности хонорарно беше вклучен | |

само еден странски професор (Драгутин Ќирковиќ) по предметот „Дизајн и естетика на звук“ од „Факултет драмских уметности“, Универзитет уметности у Београду.

**Прилози**

5.7.А - Надворешни наставници 2023-24

5.7.Б - CV надворешни наставници

| 5.8. Се поттикнува научна работа со цел да се зајакне поврзаноста меѓу наставата и науката. Системот добро функционира и е ефикасен. | Конкретни примери и резултати, најдобри практики. |
|---|---|

Факултет за драмски уметности поттикнува научна и стручно уметничка работа со цел да се зајакне поврзаноста меѓу наставата и науката/уметноста преку:

- учество на научни и стручни собири кои се организираат во земјата и странство (како што се конгреси, симпозиуми, семинари, советувања, стручни состаноци и слично);
- учество на домашни и меѓународни театарски, филмски и фестивали на визуелни уметности
- набавка на домашна и странска литература и пристап до различни бази

Заради постојан недостиг од финансии, Факултетот овие дејности финансиски не ги поддржува или ги поддржува со минимално учество.

Од завршените дела во период за самоевалуацијата се издвојуваат:

- Предаден е завршниот извештај за научноистражувачки проект финансиран од Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“, Скопје, за 2019 година: Архивирање и дигитализирање на факултетската меморија. Главен истражувач на проектот: проф. д-р Ана Стојаноска.
- За 2020 година, по предлог на Комисијата за наука на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ – Скопје, доделени се средства за финансирање на научноистражувачкиот проект: Јазикот и јазичните форми како идентитетска категоризација кај Македонците од исламска вероисповед. Главен истражувач: проф. д-р Тихомир Стојановски; доц. д-р Валентина Божиновска. Проектот е успешно завршен.
- Во 2022 година Факултетот во рамките на меѓународните студентски средби „Скомрахи“ организирал меѓународна научна конференција на тема „Промена на перспективите – театарското и филмското образование во време на пандемија“
- Факултетот за драмски уметности заедно со Факултетот за музичка уметност го објавуваат научното списанието Ars Academica. Идејата е на едно место да се промовира научната мисла на професорите и соработничкиот кадар на факултетите, засилени со научните трудови на нашите уредници од меѓународниот уредувачки одбор. Во периодот за кој се однесува оваа самоевалуација издадени се два броја од списанието
- Издадени се универзитетските учебинци:
  - Филмот како уметност – од идеја до сценарио, д-р Антонио Митриќески, учебник, I издание, (Одлука бр.11-550/8-1 од 20.5.2021 година, Договор бр.11-550/8-5 од 15.6.2021 година);
  - Филмот како уметност - подготовка пред снимање (втор дел), д-р Антонио Митриќески, учебник, I издание, (Одлука бр.11-1116/7 од 14.12.2022, Договор бр.11-1116/7-4 од 28.3.2023 година);
  - Филмот како уметност - од снимање до премиера (трет дел), д-р Антонио Митриќески, учебник, I издание, (Одлука бр.11-1121/2 од 11.1.2024 година, Договор бр.11-240/15 од 31.1.2024 година);
  - Македонска драма и театар – современи рефлексии, д-р Ана Стојаноска, учебник, I издание, (Одлука бр.11-1116/7 од 14.12.2022, Договор бр.11-1116/7-3 од 28.3.2023 година);
  - Учебник за сценски говор, д-р Тихомир Стојановски, учебник, I издание, (Одлука бр.11-1121/2 од 11.1.2024 година, Договор бр.11-240/16 од 31.1.2024 година);
  - Поетиката на театарскиот режисер и педагог Владимир Милчин, д-р Кристина Леловац, учебник, I издание, (Одлука бр.11-1121/2 од 11.1.2024 година, Договор бр.11-240/17 од 31.1.2024 година);
  - Diksion Ders Kitabi, проф. м-р Атила Клинче, учебник, I издание, (Одлука бр.11-1121/2 од 11.1.2024 година, Договор бр.11-240/14 од 31.1.2024 година);

**Прилози**

5.8.А - http://fdu.ukim.edu.mk/pdf/ArsAcademica_008.pdf

5.8.Б. - http://fdu.ukim.edu.mk/pdf/ArsAcademica_009.pdf

5.8.В - ЈАЗИКОТ И ЈАЗИЧНИТЕ ФОРМИ

5.8 Г - Филмот како уметност – од идеја до сценарио

5.8 Д - Филмот како уметност - подготовка пред снимање (втор дел)

5.8 Ѓ - Филмот како уметност - од снимање до премиера (трет дел)

5.8 Е - Македонска драма и театар – современи рефлексии

5.8 Ж - Учебник за сценски говор,

5.8 З- Поетиката на театарскиот режисер и педагог Владимир Милчин

5.8 S - Diksion Ders Kitabi

| | |
|---|---|
| 5.9. Високообразовната установа поттикнува иновации во наставните методи и во користењето нови технологии. | Конкретни примери и резултати за воведени иновации во наставните методи и во користењето нови технологии. |

Факултетот редовно користи аудио-визуелни помагала во наставата, проекции во кино-салата, интернет стриминг на изведувачките дела, се разгледува и примената на вештачката интелигенција, особено генеративната AI.
Во рамките на финансиските можности, обезбедува нова техника и технологија за реализација на студентската филмска, телевизиска и продукција на новите медиуми, како и за сценско-изведувачките уметности.
Факултетот континуирано се труди покрај тешката финансиска состојба да ги задоволи потребите на студентите. Во таа насока континуирано хонорарно се набавуваат сценографии, современа светлосна и тонска техника за потребите на Академската сцена и изведување на квалитетна практична настава.

**Прилози**
5.9.А - **https://www.facebook.com/fduakademskascena**

| | |
|---|---|
| 5.10. Установата има востановен систем на академски интегритет и спречување на плагијаризам. | Акт на установата за или друг акт во кој е регулиран индикаторот;<br>Извештаи за спроведена проверка преку системот на плагијати за учебници, учебни помагала или научни трудови објавени од установата (извештаи за најмалку 5% од објавените публикации во последните пет години). |

Во однос на примена на Акт на установата за или друг акт во кој е регулиран индикаторот „востановен систем на академски интегритет и спречување на плагијаризам“ Факултетот е должен да го применува Закон за научно-истражувачката дејност („Службен весник на Република Македонија“ бр. 46/2008, 103/2008, 24/2011, 80/2012, 24/2013, 147/2013, 41/2014, 145/2015, 154/2015, 30/2016 и 53/2016 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 257/2020, 163/2021 и 64/2024).
Факултетот согласно член 19 и 20 од етичкиот кодекс не прифаќа никаква форма на фалсификат или плагијат. Соодветно поднесувањето на трудови во рамките на наставно образовниот процес посебно во делот на магистерски и докторски трудови се бара од кандидатот да поднесе соодветна изјава за оригиналност, во спротивно кандидатите може да бидат изложени на дисциплинска постапка. Во рамките на редовниот наставно образовен процес дисциплинската комисија на Факултет за драмски уметности Скопје спроведува постапки за санкционирање на сите активности кои се во спротивност со етичките норми и стандарди на институцијата. Согласно ова се презентирани во продолжение одредени сегменти од работењето на оваа комисија за извештајниот период.
Проверката на плагијаторство ја врши менторот преку веб-платформа (http://plagijati.mon.gov.mk/). Доколку се утврди плагијаторство, на кандидатот нема да му се дозволи одбрана на трудот, делото ќе биде поништено и ќе биде постапено соодветно на актите на Универзитетот.
Во однос на индикаторот извештаи за спроведена проверка преку системот на плагијати за учебници, учебни помагала или научни трудови објавени од установата„ наставниот кадар на Факултетот презема обврска сите специјалистички, магистерски, и докторски дисертации да ги стави на web ги става на страницата на Министерството за образование и наука на електронската адреса www.plagijati.mon.gov.mk (Систем за анализа и пронаоѓање плагијати во трудови) по што се генерираат Извештаи кои се Извештаи кои се проверуваат пред да се пристапи кон одбрана на тезата. Според Законот магистерските и докторските тези задолжително треба да се внесат во базата на МОН најмалку 30 дена пред одбраната.
Согласно Етичкиот кодекс„ плагијаторство, фабрикување и измислување резултати и фалсификување се неприфатлив во научноистражувачката работа е во спротивност на етичките начела.

**Прилози**
5.10 А - Етички кодекс
5.10 Б - http://plagijati.mon.gov.mk/

| | |
|---|---|
| 5.11. Установата има политика /документ/акт за научноистражувачка работа. Индикаторите за научно-истражувачката работа се утврдени и редовно се следат. | Акт на установата за или друг акт во кој е регулирана научноистражувачката работа и/или се утврдени индикаторите за научноистражувачката работа.<br>Извештај/анализа за исполнување на индикаторите за научноистражувачката работа (доколку е применливо). |

Наставниот кадар има обврска да ги евидентираа соодветно сите активности во делот на научно истражувачката работа во текот на годината. Истовремено се прават напори сите активности во овој дел да бидат видлив на онлајн платформите како што се Google scholar, Research gate, ORCID и сл.

| | |
|---|---|
| Во рамките на установата извештајот за работата на Деканот на Факултет за драмски уметности – Скопје е документ кој се подготвува еднаш годишно сумирајќи ги сите активности за претходната година. | |
| **Прилози**<br>5.11.А. - Годишен извештај за работата на ФДУ - 23-24<br>5.11.Б Закон за високо образование<br>5.11.В Статут на УКИМ | |
| 5.12. Научноистражувачката работа кореспондира со локалните, регионалните и/или националните развојни цели како и социо-економскиот и културниот контекст. Ефектот од научноистражувачката работа на локалните, регионалните и/или националните развојни цели редовно се следи, врз основа на кој се вршат соодветни подобрувања. | Конкретни примери и резултати, најдобри практики; Релевантни извештаи или препораки |
| Наставно-научниот кадар на Факултетот за драмски уметности континуирано придонесува за напредок на оваа област во работењето на факултетот, но и во како фактор во уметноста во општеството.<br>Пример за ова се неколкуте научно-истражувачки проекти кои во кои вработените на Факултетот се активно вклучени како носители и/или учесници во нив и истите се веќе наведени и опишани во точка 5 (5.2, 5.6 и 5.8) погоре.<br>Во соработка со Амбасадата на САД беше одржана работилница за ТВ сценарио предводена од две мошне успешни холивудски сценаристки, при што интерес за учество покрај нашите студенти, покажаа и професионалци и поединци од страна. Одржан беше и мастер класот на Gale Anne Hurd, позната холивудска продуцентка на големи светски филмски хитови и блокбастери. Овој настан беше од затворен карактер и беше наменет само за студентите на ФДУ.<br>Факултетот редовно соработува со повеќе институции и здружеинја од сродни дејности со кои има склучено меморандуми или договори за соработка.<br>Во оваа учебна година склучени или продолжени се соработките со:<br>Театар за деца и младинци – Скопје<br>Здружение за афирмација на театарската и изведувачката дејност „Тим театрос“ – Скопје<br>Македонски театарски фестивал „Војдан Чернодрински“ – Прилеп<br>Фондација „Ѓорѓи Марјановиќ“ – Скопје<br>Македонски народен театар - Скопје<br>Останатите институции може да се видат од прилогот 5.12 | |
| **Прилози**<br>5.12 А - Меморандуми за соработка на ФДУ | |

## Стандард 6

<table>
<tr><th colspan="2">СТАНДАРД 6: РЕСУРСИ ЗА УЧЕЊЕ И ПОДДРШКА НА СТУДЕНТИТЕ</th></tr>
<tr><th>Индикатор</th><th>Документација</th></tr>
<tr><td>6.1. Установата обезбедува соодветно финансирање на активностите за учење и настава и на тој начин овозможува соодветни и лесно достапни ресурси за учење и поддршка на студентите. Системот за финансирање на установата односно студиските програми е ефикасен и се базира на потребите на студентите. Установата располага со систем за финансирање на научноистражувачка дејност кој сеопфатен и ефикасен.</td><td>Финансиски план од претходните пет години<br>Финансиски извештаи од претходните пет години<br>Приказ на финансирање на научноистражувачката дејност (со наведен процент од вкупните/сопствените приходи кој се издвојува за научноистражувачка работа )</td></tr>
<tr><td colspan="2">Во изминатите три години се сработени вкупно три проекти, сите поддржани од УКИМ. Со 150.000.ден во 2021/22 е поддржан проектот „Влијанието од долготрајна работа на филм врз психичката состојба на актерите“. Во 2022/23 со 150.000ден. е поддржан со проектот „Стилските особености на изговорот на прличевиот стих на поемата Сердарот“. Со 250.000 ден. е поддржан проектот во 2020 г.„Јазикот и јазичните форми како идентитетска категоризација кај македонците со исламска вероисповест“</td></tr>
<tr><td colspan="2">Прилози<br>6.1.А - Финансиски извештаи од претходните пет години (тука да се додаде овој линк ФДУ - Завршни сметки (ukim.edu.mk))</td></tr>
<tr><td>6.2. Техничките ресурси на установата (библиотеки, лаборатории, простории за работа, информатичка опрема и др.) се соодветни за реализација на студиската програма. Студентите и наставниот кадар вклучувајќи ги и лицата со посебни потреби имаат пристап до сите ресурси. Установата располага со соодветна инфраструктура за учење на далечина. Техничките ресурси се предмет на редовен мониторинг во установата.</td><td>Вкупна површина (во сопственост и изнајмен простор) со површина на објектите (амфитеатри, училници, лаборатории, организациони единици, служби);<br>Попис на функционална информатичка опрема наменета исклучиво за студентите;<br>Попис на библиотечен фонд на установата како и попис на библиотечен фонд, набавен во последните пет години (се оценува релевантноста на библиотечниот фонд за секоја студиска програма);<br>Попис на информатички ресурси за учење на далечина;<br>Информација за ресурси достапни на лицата со посебни потреби;<br>Информација за мониторинг на техничките ресурси во установата.</td></tr>
<tr><td colspan="2">За реализација на теоретска и практична настава за сите студиски програми, како и за научноистражувачка дејност, Факултетот за драмски уметности при Универзитетот “Св.Кирил и Методиј” Скопје користи вкупно 865.20 м2 расположив простор, а во тек е изградба на нов објект за потребите на Факултетот.<br>Амфитеатри: 1 со површина од 92м2<br>Предавални: 4 со површина од 125м2<br>Комлјутерски училници: 1 со површина од 20м2<br>Лаборатории за изведување аудио-визуелни самостојни вежби: 3 со површина од 220м2<br>Лаборатории за изведување на современа научно-истражувачка дејност: 5 со површина од 104м2<br>Кабинети за наставно-научен кадар: 18 со површина од 192м2<br>Библиотека со читална: 1 со површина од 126м2<br>Театарска сцена:1 со површина од 206м2<br>Студио за филмски - телевизиско снимање:1 со површина од 90м2<br>Сала за изведување настава по сценски движења и танци: 1 со површина од 90м2<br>Студио за снимање и обработка на тон: 1 со површина од 50м2<br>Кабинет за монтажа на филм 16/35 мм: 1 со површина од 12м2<br>Кабинет за електронкска монтажа: 3 со површина од 32м2<br>Филмско-фотографска лабораторија: 1 со површина од 9,20м2<br>Сала за тонска проекција на 16/35 мм филм и видео: 1 со површина од 105м2<br>Сценско-студиски простор: 3 со површина од 220м2<br>Гардероби: 6 со површина од 51м2</td></tr>
</table>

*Амфитеатри со современа аудио-визуелна опрема (графоскоп, екран, видео бим...): 1 со вкупен капацитет од седишта од 120*
*Предавални со современа аудио-визуелна опрема (графоскоп, екран, видео бим...): 2 со вкупен капацитет од седишта 60*
*Кабинет за музичка настава со: Клавир, аудио систем и пултови: 1*

*Опременоста на лабораториите е согласно потребите за филмската и театарската методологија и уметност.*

*1. Централни единици ( 40 );*
*2. Монитори ( 42 );*
*3. Проектори ( 3 );*
*4. Платно за проекција ( 1 );*
*5. Скенер ( 2 );*
*6. Принтери ( 15 );*
*7. Факс ( 1 );*
*8. Факс/ принтер ( 1 );*
*9. Фотокопир ( 1 );*
*10. Телефони ( 29 );*
*11. Телефонска централа ( 1 );*
*12. Конференциски маси ( 4 );*
*13. Табли за пишување ( 4 );*
*14. Столчиња ( предавални ) ( 120 );*
*15. Канцелариски бироа ( 32 );*
*16. Канцелариски столчиња ( 28 );*
*17. Маси ( предавални ) ( 26 );*
*18. Витрини (библ.) ( 15 );*
*19. Долби сараунд систем (1)*
*20. Засилувач (1)*
*21. Магнетофон (1)*
*22. Касетофон (1)*
*23. CD плеер (1)*
*24. DVD плеер рекордер (2)*
*25. Аудио миксета (1)*
*26. Компјутерска светлосна миксета (1)*
*27. LCD проектор (2)*
*28. 16мм проектор (1)*
*29. 8мм проектор (1)*
*30. Подвижно платно (екран) (1)*
*31. Халогено осветлување (1)*
*32. Рефлектор (20)*
*33. Видео камера BETA SP (1)*
*34. Видео камера S-VHS (4)*
*35. Филмска камера 16мм (4)*
*36. Теренско светло (20kW)*
*37. Монтажна единица BETA SP (1)*
*38. Монтажна единица S-VHS (2)*
*39. Филмска 16 и 35мм монтажа (1)*
*40. Off-line компјутерска монтажа (4)*
*41. Лабораторија за аудиовизуелни истражувања*
*3 x HD студиски камери*
*3 x нелинеарни дигитални системи за монтажа на слика со монитори*
*3 x нелинеарни дигитални системи за тонска монтажа и монитори*
*1 x Дигитална видео миксета*
*2 x HD видео рекордери*
*2 x HDV/DVCAM/DVвидео рекордери*

*1 x  дигитален снимач/репродуктор  на касети*
*1 x Дигитална аудио миксета*
*1 x конзола за контрола на светло*
*28 x студиски рефлектори*

*Библиотеката има простор во кој е складиран книжниот и аудиовизуелниот фонд мала читална наменета за студентите со Интернет пристап и пристап до дигитални учебници и книги.*
*Вкупиот број на наслови во Библиотеката изнесува 9268 наслови со 13441 вкупен број на примероци. Од нив 8115 се книги и брошури, 2191 весници, 3136 списанија и 474 ракописи.*
*До сега во Библиотеката се добиени 834 книги кои се дел од проектот на Владата за превод на учебници од странски реномирани униврезитети.*
*Книжниот фонд во библиотеката се збогатува по пат на купување, подарок, задолжителен примерок од издаден учебник, учебно помагало, монографија, и од размена на монографски и сериски публикации во печатена или електронска форма.*

*Факултетот располага со рампи и тоалети кои овозможуваат пристап на лицата со посебни потреби. Бидејќи целокупната наставна и административна работа на дфакултет се одвива во барака, пристапот на лицата со посебни дозволи во сите е овозможен и лесно достапен.*

**Прилози**
6.2.А.- Податоци за просторот наменет за изведување на наставата
6.2.Б. - Регистар на недвижен имот на УКИМ
6.2.В. - Информација за ресурси достапни на лицата со посебни потреби 09-2023

| | |
|---|---|
| 6.3. Работата на помошните/административните служби е соодветно организирана и е во функција на внатрешното обезбедување на квалитет. Службите во својата работа ги земаат предвид флексибилните начини на учење и настава како и потребите на различната студентска популација (на пример, студентите постари од 25 години, вонредните и вработените студенти, студентите од странство и студентите со посебни потреби). Бројот на вработени во помошните/администра-тивните служби и нивниот профил е соодветен за бројот на студенти на сите видови на студии. Помошниот и административен кадар има можност за развој на сопствените компетенции. | Приказ на можностите кои постојат во рамките на помошните/административните служби за потребите на различната студентска популација студентите постари од 25 години, вонредните и вработените студенти, студентите од странство и студентите со посебни потреби;<br>Приказ на број на вработени и нивниот профил во помошните/административните служби;<br>Листа на вработени во помошниот и административниот кадар кои посетувале обука за развој на сопствените компетенции во изминатите пет години (со наведен период). |

Во изминатиот период, добар дел од активностите на Факултетот за драмски уметности беа насочени во реализација на потребите и барањата на студентите, надвор од наставата. Активна е соработката со студентите на Факултетот во однос на изведувањето на наставата и повратните информации од студентите за квалитетот и недостатоците во наставниот процес. Понатаму Факултетот во континуитет партиципираше и ги поддржуваше студентските активности (академска сцена, фестивали во земјата и странство, реализација на студентски сценскоизведувачки и аудиовизуелни проекти, учество на работилници, конкурси и проекти).

На факултетот во административните и општи служби има вкупно 11 вработени од кои 2 се албанци, еден србин и останатите се македонци. Од нив 8 се жени, а 3 се мажи.

Вработени во помошниот и административниот кадар кои посетувале обука за развој на сопствените компетенции во изминатите пет години се следниве:
1. Цветанка Јаневска успешно завршена обука за Функционална анализа организирана за членовите на Мрежата на организациони единици за управување со човечки ресурси оддржана на 30.07.2021
2. Цветанка Јаневска успешно положи испит за јавни набавки согласно со Програмата за едукација за јавни набавки - Наставна програма за обука на лица за јавни набавки на ден 18.06.2024
3. Цветанка Јаневска за обука на тема Примена на Законот за слободен пристап до информациите од јавен карактер на 21.03.2024
4. Светлана Деспотовска сертификат за Upgrading HMR Officer’s skills on producing internal acts of re-organization and systematization of posts на 11-12.2020
5. Светлана Деспотовкса сертификат за Using the digital online HRMN platform for performing HR Management duties

11-12.2020

**Прилози**
6.3.А. - Информација за ресурси достапни на лицата со посебни потреби 09-2023
6.3.Б. - Потврда за јавни набавки 18-06-2024
6.3.В. - Дополнителен образец

| | |
|---|---|
| 6.4. Установата го поттикнува вклучувањето на студентите во научноистражувачки проекти на сите циклуси на студии. | Листа на студенти кои биле ангажирани во научноистражувачки проект на сите циклуси на студии во изминатите пет години (со назив на проектот, имплементатор на проектот, информација за финансирање и линк до резултатите од проектот);<br>Процент на студенти вклучени во научноистражувачки проекти во однос на вкупниот број на студенти по циклуси на студии. |

Наставата на Факултетот за драмски уметности генерално базира на сценско изведувачките уметности. Студентите се вклучени во проекти (аудиовизуелни, изведувачки и филмски) кои ги водат или се дел од колективното авторство професорите; а студентите заземаат соодветен удел во истите.
Процентот на студенти кои се вклучени во вакви проекти од прва до четврта година на додипломските студии изнесува 23%.

**Прилози**
6.4.А - Листа на студенти кои биле ангажирани во научноистражувачки проект на сите циклуси на студии

| | |
|---|---|
| 6.5. Студентите имаат на располагање специфични форми на поддршка вклучувајќи: советник за академски развој кој го следи нивниот развој, дава поддршка за планирање на кариерата и други академски предизвици и/или функционален Центар за кариера, менторски сесии, психолошка поддршка и др. | Приказ на специфични форми на поддршка на студентите во установата;<br>Број на студенти кои користеле специфични форми на поддршка во последните пет години;<br>Приказ на услуги на Центар за кариера и спроведени активности во последните пет години;<br>Број на студенти кои следеле обука/тренинг/пракса или друг вид на поддршка преку Центарот за кариера во последните пет години. |

Центарот за кариера при ФДУ е формиран заради организирање практична настава за студените за подготовка на стручен кадар, организирање саеми за кариера, водење евиденција на поранешните студенти (алумни).
Центарот за кариера се состои од профил на советници кои имаат познавање од областа на образованието.
Во овој момент нема студенти кои користат поддршка од овој центар за кариера.

**Прилози**
6.5.А - Приказ на специфични форми на поддршка на студентите во установата
6.5.Б. - Одлука за избор на советник и работна група на Центар за кариера на ФДУ од 09-03-2021
6.5.В – Дополнителен образец

| | |
|---|---|
| 6.6. Установата има функционален систем за следење на членовите на Алумни заедницата. Алумни заедницата е вклучена во развојните планови на установата. Установата организира редовни настани и/или иницијативи преку кои се одржува контактот со завршените студенти. | Приказ на системот за следење на Алумни заедницата (доколку е применливо);<br>Број на членови на Алумни заедницата регистрирани во системот (доколку е применливо);<br>Приказ на активности со Алумни заедницата во последните пет години;<br>Доказ дека системот е функционален. |

Одборот за поддршка (алумни) има основна цел да ги продолжи контактите и да воспостави соработка со студентите кои завршиле студии на Факултетот за драмски уметности со цел развој на уметничката и образовна дејност. Се' уште не постои евиденција на алумни, но е земено предвив и ќе биде дел од акцискиот план за во иднина да се направи некаква дата база.

**Прилози**
6.6.А - Одлука за избор на советник и работна група на Центар за кариера на ФДУ од 09-03-2021
6.6.Б - Дополнителен образец

| | |
|---|---|
| 6.7. Студентите активно учествуваат во управувањето на установата. Во рамките на установата функционира студентско собрание и студентски правобранител односно негов заменик. Установата ги поддржува општествените, културните и спортските активности на студентите. Таа им овозможува простории, поддршка како и годишен буџет. | Акт во кој е регулирано прашањето за учеството на студентите во управувањето;<br>Приказ на учеството на студентите во органите на високообразовната установа (со релевантни показатели);<br>Одлука за избор на членови на Студентско собрание и извештај од последните спроведени избори;<br>Одлука за избор на студентски правобранител односно негов заменик;<br>Приказ на поддржани општествени, културни и спортски активности на студенти од страна на установата (наведен со назив на активност, временски период, буџет) за последните пет години. |
| Учеството на студентите во управувањето е дефинирано преку Статутот на ФДУ и со Одлука за избор на студентски претставници во Научно наставниот и уметнички совет на ФДУ, последен пат на 5.11.2023 | |
| **Прилози**<br>6.7.А - Одлука за избор на претставници на ННУС<br>6.7.Б - Дополнителен образец<br>6.7.В- Статут на ФДУ<br>6.7.Г - Статут на ФСС<br>6.7.Д - Решение за резултати од гласањето за ФСС | |
| 6.8. Студентите се запознаени со услугите и можностите кои им стојат на располагање. | Приказ за начинот на кој студентите се запознаваат со услугите и можностите кои има стојат на располагање;<br>Промотивни материјали, публикации или линк до објави на веб страна. |
| *В*о рамките на сајтот на ФДУ е јасно објавено за тоа кои капацитети и какви видови на опрема им стојат на располагање на студентите. А кога е во прашање к уникацијата на ФДУ со студентите таа се одвива преку електронска пошта и преку социјални медиуми. Особено доминираат социјалните медиуми кои се важна комуникациска алатка за споделување на сите тековни и престојни активности во рамки на факултетот, организирани и/или иницирани од менаџментот или самите студенти. | |
| **Прилози**<br>6.8.А. Линк до сајтот на ФДУ - Капацитет и опременост<br>6.8.Б- https://www.facebook.com/search/top/?q=%D0%B0%D0%BA%D0%B0%D0%B4%D0%B5%D0%BC%D1%81%D0%BA%D0%B0%20%D1%81%D1%86%D0%B5%D0%BD%D0%B0%20%D0%BD%D0%B0%20%D1%84%D0%B4%D1%83%20%D1%81%D0%BA%D0%BE%D0%BF%D1%98%D0%B5<br>6.8.В. - https://www.facebook.com/search/top/?q=%D1%84%D0%B4%D1%83%20%D1%81%D0%BA%D0%BE%D0%BF%D1%98%D0%B5%20%2F%20fad%20shkup%20%2F%20dsf%20%C3%BCsk%C3%BCp<br>6.8.Г. - https://www.instagram.com/skomrahi/<br>6.8.Д. - https://www.instagram.com/fssfdu/<br>6.8.Ѓ. - https://www.instagram.com/fdu_skopje.fad_shkup.dsf_uskup/<br>6.8.Е. - https://www.instagram.com/akademskascena/ | |

## Стандард 7

| СТАНДАРД 7: УПРАВУВАЊЕ СО ИНФОРМАЦИИ | |
|---|---|
| Индикатор | Документација |
| 7.1. Високообразовната установа редовно прибира, анализира и користи информации кои се важни за успешно спроведување на студиските програми и другите активности. Преку ефикасен процес на собирање и анализа на податоци за студиските програми и другите активности, | Опис и приказ на системот за прибирање и обработка на информации<br>Акт за регулирање (доколку е применливо)<br>Доказ дека системот е функционален. |

| | |
|---|---|
| податоците се внесуваат во внатрешниот систем за обезбедување квалитет. | |

Факултетот редовно прибира, анализира и користи информации кои се важни за успешно спроведување на студиските програми и другите активности, со вклучување на сите учесници и засегнати страни.

Основен функционален систем преку кој Факултетот врши прибирање и обработка на најголемиот дел од податоците и информациите важни за успешно спроведување на студиските програми и другите активности поврзани со наставно-образовниот процес е iKnow системот.

iKnow е систем кој е развиен и кој е одржуван од страна на Универзитетот „Св.Кирил и Методиј“ во Скопје, а факултетот како единица на УКИМ е нејзин корисник. Преку овој систем редовно се прибираат, следат и анализираат податоци за интересот на студентите за упис на соодветните студиски програми, бројот на запишани, дипломирани, магистрирани и докторирани студенти на соодветна студиска програма, просечниот успех, број на испишани студенти и сл. Во овој процес вклучени се сите засегнати страни (студентите, административните служби, наставничкиот и соработничкиот кадар на установата) и согласно доделените привилегии секој корисник администрира (внесува и менаџира) со соодветни податоци за својата активност.

Во однос на прибирање, анализа и користење на информации за научно истражувачката работа на наставниот кадар на Факултетот се користи систем „Ризница на научни трудови на УКИМ“ кој претставува репозиториум на научни трудови и публикации и е јавно достапен. Научните трудови публикувани од членовите на академската заедница на Факултетот за драмски уметности – Скопје се јавно достапни на Универзитетската ризница. Факултетската ризница се состои од учебници, монографии, како и прикази на стручна литература напишани од страна на наставниот кадар на факултетот, како и магистерски тези и докторски дисертации одбранети на Факултетот за драмски уметности – Скопје.

Во рамки на активноста за подобрување на видливоста и препознатливоста на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје во интернет просторот секој член на научниот кадар на единицата на УКИМ , почнувајќи од 2021 година задолжително креира и одржува свој кориснички профил на мрежи и пребарувачи за научни истражувања и публикации како Google Scholar (академски интернет-пребарувач кој индексира текстови или метаподатоци за сите облици на академски публикации (трудови, тези, книги и др.), за речиси сите дисциплини.

Секој ваботен поднесува индивидуален семестрален извештај наведувајќи ги сите свои остварени актовности во наставно-образовен дел, а овие податоци се дел од самоевалуацијата.

**Прилози**

7.1.А - Правила за видливост на УКИМ - https://is.iknow.ukim.mk/

7.1.Б. - Ризница на Универзитет „Св.Кирилл и Методиј“ во Скопје - https://repository.ukim.mk/?locale=mk

7.1.В. - Ризница на Факултет за драмски уметности - Скопје при Универзитет „Св.Кирилл и Методиј“ во Скопје https://repository.ukim.mk/handle/20.500.12188/8

7.1.Г. - Докторски дисертации на докторанти на Факултетот за драмски уметности - Скопје: http://www.fdu.ukim.edu.mk/index.php?mn_sel=dok_dis

7.1.Д. - Научно истражувачки проекти на Факултетот за драмски уметности - Скопје http://www.fdu.ukim.edu.mk/index.php?mn_sel=nip

7.1.Ѓ. - https://scholar.google.com/

| | |
|---|---|
| 7.2. Информациите кои се прибираат се релевантни за профилот на установата односно студиските програми и вклучуваат: клучните показатели на успехот; профилот на студентската популација; напредокот на студентите, успехот и стапката на отпишување на студентите; степен на исполнетост на очекувањата од студиските програми од страна на студентите; ресурсите за учење и поддршката кои се достапни на студентите, податоците за вработување на дипломираните студенти и нивните кариери итн. Студентите и вработените се вклучени во процесите на обезбедување и анализа на податоците како и во планирањето на активностите кои произлегуваат од нив. | Приказ на податоци кои се прибираат и начинот на анализа од прибраните податоци;<br>Конкретни примери на вклучување на студентите и вработени во процесот;<br>Конкретни примери на ползување на информациите обезбедени во процесот. |

На Факултетот за драмски уметности - Скопје се прибираат релевантни податоци за профилот и дејноста на установата. Податоци кои редовно се прибираат и анализираат се однесуваат најчесто на студентската популација; студиските програми, вработените во установата, напредокот на студентите, успехот на студентите; ресурсите за учење и поддршката кои се достапни на студентите.

| |
|---|
| Сите податоци поврзани со студентската популација се обезбедуваат преку софтверската апликација IKNOW, додека пак податоците поврзани со професионалниот развој на дипломираните студенти се следи преку процес на анкетирање на алумните.<br>Приказ на податоци кои се прибираат и начинот на анализа од прибраните податоци. Конкретни примери на вклучување на студентите и вработените во процесот. Конректни примери на ползување на информациите обрезбедени во процесот.<br>Студентите и вработените се вклучени во процесите на обезбедување и анализа на податоците како и во планирањето на активностите кои произлегуваат од нив. На пример, студентите се директно вклучени при прибирање на податоци за анализа на квалитетот на наставно-образовниот процес, додека пак вработените се вклучени во обезбедување на податоци поврзани со нивната наставно-научна работа (вклученост и одржување на настава, истражувања и проекти, трудови, учество на конференции и сл).<br>Понатаму, податоците прибрани од анкетата за евалуација на квалитетот на наставата која се спроведува во текот на секој семестар е индикатор кој е вклучен во рефератот за избор на секој наставник. Резултатите од евалуацијата се споделени со секој наставник, а вкупниот просек е анализиран со цел да се утврди просечната оценка на важност за наставниот кадар (од Факултетот за драмски уметности – Скопје и ангажираниот наставен кадар од УКИМ) по семестри за набљудуваниот период; потоа вкупен просек по кадар (од Факултетот за драмски уметности – Скопје и ангажираниот наставен кадар од УКИМ) за седумте анализирани аспекти по семестри за набљудуваниот период и вкупен просек по поодделни аспекти за целиот ангажиран кадар кој учествувал во изведување на наставата на Факултетот за драмски уметности – Скопје по семестри за целиот период. |
| **Прилози**<br>7.2.А - Податоци за студенти - запишани и дипломирани<br>7.2.Б - Просечни оцени по предмети |

| | |
|---|---|
| 7.3. Установата води регистар на значајни настани, активности и процеси. Податоците се собираат, анализираат и се користат потребите на стратешкиот менаџмент на установата. | Информација за значајни настани, активности и процеси. |

| |
|---|
| На Факултетот за драмски уметности – Скопје при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, годишно се организираат и одржуваат голем број настани и актовности во насока на унапредување на образовниот процес, научно-истражувачките активности, како и учество на меѓународната заедницата преку Меѓународниот студентски фестивал Скомрахи. Врз основа на член 110 од Законот за високото образование (Сл.весник на Р.С.Македонија бр. 82/2018, 179/2021 и 58/2024) и член 57 од Статутот на Факултетот за драмски уметности – Скопје (Универзитетски гласник бр. 455/2019, Наставно – научниот совет на редовна седница донесува одлука со која се утврдува план на активности на Факултетот за драмски уметности - Скопје, Универзитет „Св.Кирил и Методиј“ во Скопје за секоја учебна година, а во кој план се дефинирани сите планирани настани и активности по семести односно месеци.<br>Во моментов, на Факултетот нема посебен електронски регистар во кој се води евиденција за значајните настани и активности, односно, за сите позначајни настани се информира јавноста преку бев страната на Факуклтетот како и преку социалните мрежи Фејзбук и инстаграм.<br>Податоците се собираат, анализираат и се користат потребите на стратешкиот менаџмент на установата. Прибраните податоци по различни основи редовно се анализираат и се дискутират на Деканатската управа и ННУС, при што се изведуваат соодветни заклучоци и се носат одлуки базирани на податоци врс основа на кои се прават измени и подобрувања за следните години. |
| **Прилози**<br>7.3.А - Дополнителен образец |

| | |
|---|---|
| 7.4. Безбедноста на информациите (во печатена и електронска форма) особено на информациите поврзани со податоците на студентите, резултатите од испитите, дискусијата на дигиталните платформи итн. е заштитена. Установата соодветно ги штити личните податоци на сите засегнати страни. | Акт на установата;<br>Опис на практиката за заштита на личните податоци;<br>Други релевантни документи или политики на установата. |

| |
|---|
| Факултетот за драмски уметности – Скопје при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје во рамките на својот делокруг на работење, а со цел извршување на својата основна дејност во доменот на образованието и науката, врши собирање, чување и обработка на лични податоци на субјекти на лични податоци во согласност со одредбите на Законот за заштита на лични податоци и другите релеванти позитивни законски прописи, применувајќи |

соодветни технички и организациски мерки за обезбедување на безбедност на личните податоци. Безбедноста на информациите (во печатена и електронска форма) особено на информациите поврзани со податоците на студентите, Факултетот соодветно ја обезбедува односно ги штити личните податоци на сите засегнати страни согласно Законот за заштита на лични податоци .
Во однос на податоците кои се прибираат во хартиена форма, и согласно Законот за високо образование и согласно со Статутот на УКИМ, утврдени се податоците кои ќе се обработуваат во студенткситe досиеа. Студентите при нивното запишување во прва година, потпишуваат изјави со кои даваат нивна согласот, нивните лични податоци да бидат обработувани, согласно Законот за високото образование како и врз основа на членовите од Законот за заштита на личните податоци (Сл.весник на РМ бр. 42/2020 и 294/2021).
Исто така, Факултетот донесува и Одлука за утврдување на листа на информации од јавен карактер кој ги создал и со кој располага Факултетот за драмски уметности – Скопје при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје во остварувањето на своите надлежности утврдени со закон, а се однесуваат на органите на факултетот, наставата, научната-уметничката и апликативна дејност, издавачка дејност, меѓународна соработка, финансико-материјално работење.

**Прилози**
7.4.А.- Одлука за утврдување на листа на информации од јавен карактер
http://www.fdu.ukim.edu.mk/index.php?mn_sel=n_docs
7.4.Б - Законот за заштита на личните податоци (Сл.весник на РМ бр. 42/2020 и 294/2021)
https://azlp.mk/wp-content/uploads/2022/11/zakon_za_zastita_na_licnite_podatoci.pdf

# Стандард 8

| СТАНДАРД 8: ИНФОРМИРАЊЕ НА ЈАВНОСТА | |
|---|---|
| **Индикатор** | **Документација** |
| 8.1. Високообразовната установа редовно објавува податоци за своите активности и за студиските програми. Информациите објавени на веб страната и другите медиуми (печатени, социјални медиуми) на установата се точни, јасни, прецизни, објективни, ажурирани и лесно достапни. Установата редовно учествува или организира саеми на кои ги презентира своите активности и студиски програми. Информациите кои се однесуваат на активностите на високообразовните установи се корисни за потенцијалните и за тековните студенти, како и за поранешните студенти, други лица и јавноста. | Линк до објави или достава на печатени материјали преку кои се објавуваат активности на установата;<br>Извештај за спроведени активности, прес клипинг или друг релевантен приказ за присуството во медиумите;<br>Извештај за учество или организација на саем/и;<br>Други релевантни материјали или конкретни примери. |

Факултетот редовно објавува податоци за своите активности и за студиските програми.
Факултетот за драмски уметности - Скопје редовно ги објавува информациите поврзани со студиските програми и активностите во рамките на истите се ажурирани и достапни за сите корисници. Дополнително, редовно се спроведуваат одредени активности поврзани со промоција на Факултетот. Во истите учествуваат административниот и наставниот кадар. Во однос на присуството на социјалните медиуми формиран е тим од наставници и студенти кој одговорен за објавите на информациите на истите.
Промотивната кампања на Фејсбук, за прв циклус студии, вообичаено се одвива во текот на месеците мај, јуни, август.
Притоа присутни беа креативи на Фејсбук и на Инстаграм преку постови со кои се реализираше:

| |
|---|
| 1) претставување на факултетот и информации за престојните уписи;<br>2) преставување на секој од катедрите на факултетот за кои ќе има уписи во тековната година<br>3) претставување на дипломирани студенти и нивен осврт на студирањето на Факултетот.<br>Факултетот за драмски уметности - Скопје на редовна основа ги реализира следниве промотивни активности во рамки на Стратегијата за промоција на Факултетот:<br>1. Промотивна кампања на Фејсбук и Инстаграм<br>2. Организација и реализирање на промотивен настан "Отворен ден на УКИМ – Отворен ден на Факултетот за драмски уметности - Скопје"<br>3. Организација на првиот академски час.<br>Промотивни активности остварени во претходните години се промоција на факултетот од страна на вработените и студентите пред учениците од повеќе средни училишта во Скопје; Отворен ден на УКИМ/Факултет за драмски уметности - Скопје; Промотивни видеа на социјалните медуми Фесбук и Инстаграм со цел да се допре до поголем број ученици во средните училишта ширум Републиката. |
| **Прилози**<br>8.1.А - Линк до страницата на Академска сцена<br>8.1.Б. - Дополнителен образец |

| | |
|---|---|
| 8.2. Високообразовната установа има објавено податоци за своите активности, вклучително и информации за студиските програми кои ги реализираат, критериумите за упис, предвидените цели од учењето, квалификациите со кои студентот се стекнува како резултат на учењето, постапките кои се применуваат во наставата, учењето и оценувањето, стапките на проодност и условите за учење кои им се на располагање на студентите, информациите за потенцијално вработување на дипломираните студенти како и документите предвидени во член 21 став 3 од Законот за високо образование. | Линк до наведените елементи во индикатори;<br>Линкови до документите предвидени во член 21 став 3 од ЗВО: Статутот на единицата (со сите измени и дополнувања) и другите акти со кои се уредуваат внатрешните односи; 2. Решението за акредитација на секоја студиска програма одделно и решение за почеток со работа за секоја студиска програма одделно; 3. Актот за систематизација; 4. Деловникот за работа на наставно-научниот, односно научниот совет; 5. Правилникот за плати и надоместоци на единицата; 6. Извештај и одлука за последен избор во звање за секој наставник и соработник објавен во Билтенот, 7. Распоредот на работни задачи за тековната учебна година, 8. Завршна сметка, 9. Годишен извештај, 10. Прифатени теми за изработка на магистерски трудови; 11. Прифатени теми за изработка на докторски трудови; 12. Акти кои ги носи единицата согласно други закони и 13. Етичкиот кодекс. |

Факултетот за драмски уметности ги има објавено сите релевантни информации за студиските програми, критериумите за упис, целите на учењето, квалификациите со кои се стекнуваат кандидатите, пристапот во однос на наставниот процес за сите три циклуси на студии прв втор и трет циклус на студии. Редовните промоттивни настани кои се одржуваат во текот на годината обезбедуваат простор за дополнителни дискусии и потенцијални комуникации во однос на целосниот образовен процес.

Во тој контекст се презентирани сите прилози со кои дополнително ќе ги презентираат и верификуваат активностите и заложбите на Факултетот за драмски уметности -Скопје:

- информации за студиски програми
- критериумите за упис
- квалификациите со кои се стекнува студентот
- постапките кои се применуваат во наставата, учењето и оценувањето

**Прилози**

8.2.А – Линк до акти на факултет - http://www.fdu.ukim.edu.mk/index.php?mn_sel=n_docs
8.2.Б– Линк до статутот на универзитетот УКИМ - https://www.ukim.edu.mk/mk_content.php?meni=139&glavno=32
8.2.В –Линк до статутот на Факулетот - http://www.fdu.ukim.edu.mk/index.php?mn_sel=n_docs
8.2.Г- Акредитации прв, втор и трет циклус - http://www.fdu.ukim.edu.mk/index.php?mn_sel=do_st
8.2.Д– Информации од јавен карактер - http://www.fdu.ukim.edu.mk/index.php?mn_sel=n_docs
8.2.Ѓ– Завршни сметки на Факултетот - http://www.fdu.ukim.edu.mk/index.php?mn_sel=fdu_zs
8.2.Е – Етички кодекс на УКИМ - http://www.fdu.ukim.edu.mk/index.php?mn_sel=n_ek
8.2.Ж - Годишен извештај на Декан
8.2.З - Докторски дисертации на докторанти на Факултетот за драмски уметности

| | |
|---|---|
| 8.3. Клучните исходи од учењето и од научноистражувачката работа се објавуваат на веб страната на установата. На пример, пред одбрана на докторската дисертација, истата задолжително се објавува на веб страната на високообразовната установа на која се изведува | Линк до релевантни објави на веб страната на установата поврзани со исходите од учењето или научноистражувачката работа;<br>Линк до објавени докторски дисертации и други релевантни исходи од учењето (доколку е променливо). |

| третиот циклус на студии (доколку е применливо). | |
|---|---|
| Факултетот за драмски уметности редовно ги објавува закажаните одбрани на доктроските дисертации, како и одбраната на магистерските трудови. Дополнително во рамките на извештајот поврзан со научно истражувачката работа кој се изработува еднаш годишно дополнително се адресираат сите исходи од учењето и научно истражувачката работа. Истовремено магистерските трудови и докторските дисертации се достапни во физичка форма во бибилиотеката на Факултетот за драмски уметности - Скопје. | |
| **Прилози**<br>8.3.А. - Линк до веб страна со објави на докторски дисертации на докторанти на Факултетот за драмски уметности - Скопје http://www.fdu.ukim.edu.mk/index.php?mn_sel=dok_dis<br>8.3.Б. - Годишен извештај на Декан | |

## Стандард 9

| СТАНДАРД 9: МЕЃУНАРОДНА СОРАБОТКА И ИНТЕРНАЦИОНАЛИЗАЦИЈА | |
|---|---|
| **Индикатор** | **Документација** |
| 9.1. Студентите активно ги користат можностите за мобилност на студентите. Мобилноста е соодветно вреднувана и признаена. | Број и листа на студенти кои користеле мобилност прикажани по студиски програми во последните пет години за сите циклуси на студии (со приказ на период на мобилност, институција – домаќин, студиска програма) вклучувајќи мобилност преку програмата Еразмус+;<br>Процент на студенти кои користеле мобилност како дел од вкупниот број на студенти (за последните пет академски години, за сите циклуси на студии);<br>Информација за практиката на соодветно вреднување и признавање на мобилноста на студентите (акт/и или конкретни примери). |
| Факултетот за драмски уметности има утврдени процедури за мобилност на студентите и за истите добиваат насоки од координаторот за меѓународна соработка и мобилност. Факултетот обезбедува логистичка поддршка на студентите кои се пријавиле за добивање на стипендија за академска мобилност. Факултетот е одговорен за евалуацијата на поднесените пријави, изработка на ранг листа на пријавените студенти согласно доставените документи и изготвување на документ за номинација на студентите – потенцијални корисници на стипендија за мобилност. Целиот процес се реализира во соработка со продеканот за настава и ЕРАЗМУС координаторот на факултетот.<br>На Факултетот не се користат доволно можностите за мобилност. Така, во рамки на Еразмус + програмата за размена/мобилност на студенти и наставен кадар во учебната 2023/2024, мобилност реализираше сам о еден наставник:<br>- Вон.проф. Д-р. Никола Настоски во април 2024 реализираше студиски престој на Академија за театар, филм, радио и телевизија про Универзитетот во Љубљана, Словенија | |
| **Прилози**<br>9.1.А. - Дополнителен образец<br>9.1.Б. - Дополнителен образец | |
| 9.2. Установата има развиено политика за меѓународна соработка и интернационализација. Таа има утврдено индикатори за исполнување на приоритетите на меѓународната соработка и интернационализација. Овие индикатори редовно се следат.<br>Определено е посебно тело надлежно за меѓународната соработка и интернационализација во рамките на установата. | Акт/политика за меѓународна соработка и интернационализација;<br>Индикатори за исполнување на приоритетите на меѓународната соработка и интернационализација;<br>Извештај од следење на индикаторите за исполнување на приоритетите на меѓународната соработка;<br>Акт за формирање на посебно тело надлежно за меѓународна соработка и интернационализација;<br>Записници од одржани седници или друг документ кој покажува дека телото е функционално (годишен план, извештај од спроведени активности итн). |

Двата меѓунардни студентски фестивали „Скомрахи“ и „Хај-фај“ се главната алатка за развој на меѓународната соработка на Факултетот со други сродни факултети и академии од светот. Во повеќе од 30-годинишното постоење на „Скомрахи“ ФДУ бил домаќин на 38 академии и факултети, изведени се 220 претстави, 150 филмски проекции со 600 филмови, одржани се 55 работилници. Во работата на „Скомрахи“ учествувале повеќе од 1400 студенти и професори. Во учебната 2023/24, гости на Факултетот беа:

- Факултет за технички науки - Нови Сад, Србија;
- Академија за драмски уметности – Загреб, Хрватска;
- Универзитет Малтепе факултет за уметности – Истанбул, Турција;
- Национална академија за театар и филмски уметности – Софија, Бугарија;
- Факултет за уметности – Приштина, Косово;
- Национална академија за драмски уметности „Александер Зелверовиц“ – Варшава, Полска;
- Факултет за драмски уметности, Цетиње, Црна гора
- Факултет за комуникации и меѓународни односи, Барселона, Шпанија
- Лука академија за уметности, Гент, Белгија
- Академија за изведувачки уметности, Сараево, Босна и Херцеговина
- Универзитет за уметности, Тирана, Албанија
- Ховармер филмска академија, Техеран, Иран

Исто така, студентите од ФДУ редовно гостуваат на интернационални настани со своите претстави и филмови.
Во рамките на факултетот не постои посебно тело кое е надлежно за извршување на функциите од областа на меѓународната соработка и интернационализација, бидејќи Факултетот за драмски уметности функционира со минимален број на наставен кадар, па затоа обврските, активностите како и одлуките поврзани со меѓународната соработка и интернационализација ја спроведуваат деканот, продеканот за настава и продеканот за финансии, заедно со Деканската управа, и Научно наставниот уметнички совет при ФДУ кој исто така има назначено Комисија за еквиваленција (пренос на оценки), и член од наставниот кадар – Еразмус координатор, кој ја следи и координира мобилноста на студентите.
Акцискиот план треба да понуди предлози и мерки како да се мотивира мобилноста во смисла на студиски престои на факултети надвор од земјата.

**Прилози**
9.2.А - Хај-Фај фестивалска програма
9.2.Б - Програма Скомрахи

| | |
|---|---|
| 9.3. Установата има на располагање соодветни финансиски ресурси за реализација на меѓународна соработка. За потребите на меѓународната соработка установата одвојува финансиски ресурси од сопствените приходи, но и користи средства од националниот буџет, странски донатори и програми, локалната самоуправа итн. | Преглед на планирани и искористени финансиски средства за меѓународна соработка на установата во последните пет години со приказ на изворот на финансирање (буџет, сопствени приходи итн.). |

Проектните активности кои факултетот ги реализира во ЕРАЗМУС+ се финансираат преку Универзитетот, односно администрирањето и распределувањето на финансиските средства за оваа намена, се врши преку Ректоратот на универзитетот – интегриран универзитет до сите единки, па и до Факултетот за драмски уметности.
За одредени проекти, како што се на пример гостувања и настапи на студентски уметнички остварувања, средства се бараат и се добиваат и преку програмата за меѓународна дејност на Министерството за култура, а за помали издатоци се користат и сопствени средства.
Во 2023/2024 се реализираше важен меѓународен проект за Факултетот - документарен филм за најголемиот современ македонски драмски автор Горан Стефановски (1952-2018), кој е и основач на Катедрата за театарска и филмска драматургија и поранешен редовен професор на ФДУ и на Christ Church University во Кентербери, Велика Британија. Филмот го работат студенти од Факултетот за драмски уметности - Скопје, кој е и главен продуцент, а како копродуцент се јавува националниот радиотелевисиски сервис МРТ. Финансиски е поддржан од УКИМ и од Амбасадата на Велика Британија. Снимањето почна во декември 2022 година на Национална академија за театар и филмски уметности (НАТФИЗ) во Софија, Бугарија, каде што Стефановски непосредно пред смртта доби почесен докторат, во октомври 2023 филмската екипа составена од студентите Розе Симоновска (режисер), Ана Павловска (кинематографер), Александар Јовановски (протагонист и театарски режисер), заедно со професорот по филмска

продукција д-р Илија Циривири престојуваа во Кентербери, Велика Британија. Во 2024 година, work in progress верзија од филмот беше прикажана во рамките на фестивалот „Војдан Чернодрински“. Премиерата е најавена за декември 2024 година.

**Прилози**
9.3 - УКИМ Извештај за реализиран проект „Горан се враќа дома“
9.3.А. - Дополнителен образец

| | |
|---|---|
| 9.4. Установата соработува со други институции во земјата и странство во функција на реализација на студиските програми. Реализира заеднички проекти со странски универзитети (конференции, мобилност и други соработки), а резултатите од тие проекти се релевантни за студиските програми. Установата реализира заеднички програми со странски универзитети. | Листа на договори за меѓународна соработка вклучувајќи и за програмата Еразмус+;<br>Приказ на конкретни соработки (конференции, мобилност и други соработки) со други институции во земјата и странство (приказ за последните пет години со опис на соработката и релевантноста за студиските програми);<br>Број и листа на наставен кадар кој учествувал во формите на меѓународна соработка (прикажан по години за последните пет години);<br>Информација за реализација на заеднички програми со странски универзитети. |

Залагањата на Факултетот за драмски уметности во изминатиот период беа насочени кон согледување и изнаоѓање на нови соработки со релевантни институции во нашата држава но и да ја продлабочи меѓународната соработка со високообразовните институции со кои претходно постоеше долгогодишна соработка. Во насоките и фокусот на идните соработки се согледува можноста за заеднички студиски програми или курсеви со сродни институции од странство, можности за партнерски апликации на истражувачки и уметнички проекти.

Во изминатиот период се реализирани повеќе активности од страна на наставно научниот и уметнички кадар, како и од студентите на ФДУ.

- Вон.проф.д-р Никола Настоски - Љубљана од 02—05 Април 2024 на Академијата за театар, радио, филм и телевизија - преку програмата Staff Mobility for Training.
- Вон.проф.м-р Бесфорт Идризи на 21.03.2024 одржа мастер клас на Универзитетот во Нови Сад, факултет за технички науки, департман за Сценски дизајн
- Вон.проф.м-р Бесфорт Идризи во периодот 12-19.06.2022 беше предавач во склоп на „Северната режисерска лабораторија“, во Театарот Тарагон, Торонто, Канада.
- Вон.проф.м-р Бесфорт Идризи во периодот 05 - 10.12.2023 беше Претседател на жири на Националниот младински театарски фестивал „Чекори“, Тирана, Албанија
- Вон.проф.м-р Бесфорт Идризи имаше учество на два меѓународни театарски фестивали „Призрен фест“ во Призрен и „Феризај 2024“ во Урошевац со претставата „Приказни без врска“, во режија на Бесфорт Идризи и продукција на Приштинскиот градски театар „Додона“
- Вон.проф, д-р Кристина Леловац имаше учества на фестивали како актерка и изведувачка: Budva Grad Teatar, 2023, BITEF Zona Belgrade, 2023, International New Theatre Festival Arad, Romania 2023
- Во август 2024, професорот вон.проф.м-р. Владимир Павловски беше учесник на научна конференција „Транзиција на аудиовизуелните дејности и сооднос со новите дигитални медиуми“ во рамките на Вуковар Интернационален филмски фестивал, каде учествуваа професори од филмски катедри од регионот.
- Проф. Д-р. Сенка Анастасова. Предавање, средба и разговор со Проф. Д-р Жак Рансјер на тема – Естетика и општество (разговор и претставување на најновата книга Политичка наратософија – Ратлиџ Прес 2023/ 2024 но и разговор за најновите текови во силабусите по предметот Естетика на ФДУ (како Естетика, Култура, Општество, Економија, Продукција, Филмски студии), настан спроведен во Културен хотел и салон Пигал, Ноември, 2023, Париз
- Милан Петровски и Давид Димоски, студенти од класата Драмски актери 2023/27 учествуваа на работилницата „World War IV“ во скоп на театарскиот фестивал „Festivali Teatrove – Ferizaj“, Косово, 2024
- Милан Петровски студент од класата Драмски актери 2023/27 учествува на фестивалот „Дани Данила Лазовиќа“ во Прибој, Р Србија, септември 2024 година.
- На иницијатива на Холандската амбасада во Скопје, од 12 до 14.12.2023, ФДУ беше еден од домаќините на 3 студент(к)и од Академијата за уметности при Универзитетот Фонтис од Холадија. Во рамки на истата,

се одржа тридневна работилница УМЕТНОСТА НА СОЗДАВАЊЕТО ТЕАТАР СО ИЗВЕДУВАЊЕ МУЗИКА ВО ЖИВО (THE ART OF THEATER MAKING WITH LIVE MUSIC) наменета за студенти по театарска режија, актерска игра и музичка композиција во Салата за сценски движења и танци на ФДУ,

- Во јуни 2023, Вон.проф. М-р. Бесфорт Идризи и Вон.проф, Д-р, Кристина Леловац, заедно со три студенти присуствуваа на Прашкото квадринале на изведувачки дизајн и простор, Прага, Република Чешка
- Во периодот од 31.05.2024 до 02.06.2024 во организација на ФДУ, а од страна на студентите беше реализирано првото издание на ХАЈ ФАЈ фестивал. Настан замислен како платформа за вмрежување на студенти од филмските катедри од универзитетите во регионот. Присутни беа студенти од Македонија, Србија, Косово, Црна Гора, Словенија, БиХ и Бугарија
- Покрај многубројните меѓународни договори за соработка, во периодот 2023/24 ФДУ Скопје потпиша нови договори за соработка, и тоа со:
  - Амбасада на САД
  - УСАИД / ИЕСЦ, САД
  - ТИКА, Турција.

**Прилози**
9.4.А. - Дополнителен образец
9.4.Б. - Дополнителен образец
9.4.В - Договор за мобилност на наставен кадар.

| | |
|---|---|
| 9.5. Установата има востановено систем за привлекување на наставници и студенти од странство. Странски професори редовно се вклучуваат во наставата, ангажирани се како ментори или членови на комисии за оценка на магистерски и докторски трудови итн. Бројот на странски студенти се зголемува. | Листа на наставници од странство кои изведуваат настава или се вклучени во наставата (со информација за обемот на учеството во наставата, периодот и матичната високообразовна установа);<br>Листа на наставници од странство вклучени како ментори или членови на комисии за оцена/одбрана на магистерски и докторски трудови;<br>Број на запишани странски студенти по студиски програма за сите циклуси на студии во изминатите пет години. |

Наставниот кадар на Факултетот за драмски уметности е активно и континуирано присутен на меѓународната уметничка сцена, и со тоа вмрежувањето и привлекувањето на странски професори, и стручњаци од праксата не преставува никаков проблем. Проблемот лежи во недостаток на финансиски средства кои ФДУ би требало да ги има за таа намена. За жал факултетот заради трошоците кои ги има, нема средства за издвојување за визитинг професори, професори од странство за членови на магистерски трудови (покривање на патни трошоци). МОН уметноста не ја третира како наука, а Министерството за култура ги ограничува средствата на образовните институции на минимални суми. Освен поддршката од УКИМ, факултетот нема средства за ваквите активности. Останува предизвикот факултетот да аплицира на меѓународни проекти и на тој начин да обезбеди средства од странските фондови.
Странски студенти почнуваат да покажуваат интерес за студирање на нашиот факултет особено со зголемените информации на веб страната, присуството на социјалните мрежи ФБ и инстаграм.
Во извештајниот период во наставата беше вклучен еден странски визитинг професор.

- Драгутин Ќирковиќ, редовен професор, ФДУ Белград, Универзитет на уметности Белград,
  Предмет, Дизајн и естетика на звук

Во извештајниот период на ФДУ Скопје се запишани и активни два странски студенти на втор циклус студии, сите на студиска програма Продукција во сценскоизведувачки и аудиовизуелни уметности

- Абишек Бхадраа
- Албинос Ќерими

Во истиот период на ФДУ Скопје се запишани и активни шест странски студенти на трет циклус студии, сите на програма Сценскоизведувачки и аудиовизуелни уметности.

- Бујар Ахмети
- Кастриот Авдили
- Иса Кутишај
- Арбер Красниќи
- Валон Јакупај

| |
|---|
| - Блерта Делиу Кодра<br>- Ајмоне Салиху<br>- Ментор Зумберај |
| **Прилози**<br>9.5.А. – Дополнителен образец |

## 3. ДОПОЛНИТЕЛНИ ИНФОРМАЦИИ

| ДОПОЛНИТЕЛНИ ИНФОРМАЦИИ |
| --- |
| Во овој дел може да се доставаат дополнителни информации релевантни за квалитетот на високото образование. Овој дел не треба да биде подолг од 3 страници. |
| |
| |

**Пример 1**

## Изјава

Под полна материјална и кривична одговорност јас, Бесфорт Идризи, со ЕМБГ 0304985450063 одговорно лице во високообразовната установа Факултет за драмски уметности во Скопје изјавувам дека сите податоци прикажани во Извештајот од самоевалуација на високобразовната установа Факултет за драмски уметности во Скопје, за периодот 2021-2024 се точни и вистинити.

ИЗЈАВИЛ,

Бесфорт Идризи
(име и презиме)

____________________________
(своерачен потпис)

## Пример 2

| СТАНДАРД 1: ИНСТИТУЦИОНАЛНИ ПОЛИТИКИ ЗА ОБЕЗБЕДУВАЊЕ КВАЛИТЕТ | |
|---|---|
| **Индикатор** | **Документација** |
| 1.2. Установата има ефикасен и логичен систем за обезбедување на квалитет на образованието. Таа користи различни алатки за оценка и унапредување на квалитетот на образованието и редовно спроведува евалуација која ги опфаќа предметите, наставниот кадар, работата на помошните/студентски служби и општото ниво на задоволство во текот на студиите. Активностите се спроведуваат врз база на утврден календар на активности. | Информација за алатките кои се користат за оцена и унапредување на квалитетот на високото образование (период на оцена, пристап итн.);<br>Прашалник од сите спроведени самоевалуации или друга алатка која се користи за самоевалуација;<br>Годишен календар на активности поврзани со обезбедувањето на квалитет. |

<u>Овој дел го пополнува високообразовната установа</u>

**<u>Пример на одговор:</u>** Установата еднаш годишно спроведува евалуација (360 степени) во кои се опфатени наставниот кадар, студентските служби и управата. Евалуацијата се спроведува во форма на анкета во електронска форма во декември (за предметите од зимскиот семестар) и април (за предметите од летниот семестар), најчесто во 11 недела на наставата). Просечното задоволство на студентите од наставниот кадар во учебната 2021/22 година изнесуваше 80%. Прашалникот за евалуација опфаќа 30 прашања кои ги подготвува Комисијата за евалуација на установата. Годишниот календар за активности поврзани со евалуација беше усвоен на седницата на Наставно – научниот совет одржана на 21.9.2021 година.

**<u>Пример за прилози</u>**

<u>Прилог 1.2. А. Прашалник од евалуација</u> (се вметнува линк до документот поврзан со прашалникот. Документот треба да е зачуван во фолдерот со сите останати документи).

<u>Прилог 1.2..Б. Годишен календар на активности за 2020/21 година</u> (се вметнува линк до документот поврзан со годишниот календар на активности  Документот треба да е зачуван во фолдерот со сите останати документи)

И др.

Прилог 2 - Преглед на потребна документација за утврдување на исполнетоста на стандардите[5] и индикаторите[6] за квалитет во високото образование[7]

## Стандард 1

| СТАНДАРД 1: ИНСТИТУЦИОНАЛНИ ПОЛИТИКИ ЗА ОБЕЗБЕДУВАЊЕ КВАЛИТЕТ | |
|---|---|
| **Индикатор** | **Документација** |
| Установата има политика за обезбедување на квалитет која е објавена и јавно достапна. | Акт на установата или друг акт во кој е регулирана политиката на квалитет;<br>Линк до објава на веб страна. |
| Установата има ефикасен и логичен систем за обезбедување на квалитет на образованието. Таа користи различни алатки за оценка и унапредување на квалитетот на образованието и редовно спроведува евалуација која ги опфаќа предметите, наставниот кадар, работата на помошните/студентски служби и општото ниво на задоволство во текот на студиите. Активностите се спроведуваат врз база на утврден календар на активности. | Информација за алатките кои се користат за оцена и унапредување на квалитетот на високото образование (период на оцена, пристап итн);<br>Прашалник од сите спроведени самоевалуации или друга алатка која се користи за самоевалуација;<br>Годишен календар на активности поврзани со обезбедувањето на квалитет. |
| Управата на установата е посветена на развојот и унапредување на квалитетот на образованието. Постои култура на координација и соработка помеѓу засегнатите страни во процесот. Установата поттикнува и обезбедува вклученост на студентите, работодавците и други релевантни институции/организации во процесот. | Конкретни примери и резултати, најдобри практики;<br>Релевантни извештаи или препораки;<br>Примери на вклучување на студентите, работодавците и други релевантни институции/организации во процесот на обезбедување на квалитет. |
| Во рамките на установата функционира посебно тело надлежно за развој и имплементација на политиката за обезбедување квалитет. | Акт за формирање на телото;<br>Извештаи од неговата работа или записници од одржаните седници. |
| Установата редовно ги анализира информациите кои произлегуваат од системот за обезбедување на квалитет вклучувајќи ги и статистичките информации и презема мерки за подобрување на студиските програми врз основа на тие информации. Извештајот од самоевалуација е објавен на веб страната на установата. | Извештај од самоевалуациите спроведени во последните пет години;<br>Акциски план или друг релевантен документ за имплементација на заклучоците и/или препораките од самоевалуациите;<br>Линк до извештаи од евалуациите спроведени во последните пет години. |
| Обезбедувањето на квалитетот во установата претставува континуиран процес кој не завршува со извештајот од надворешната евалуација или со натамошното следење на установата. Препораките од претходната надворешна евалуација се имплементирани. Напредокот постигнат од последната надворешна евалуација е јасно демонстриран.[8] | Извештај од надворешна евалуација од претходниот период;<br>Акциски план;<br>Извештај за преземени мерки и активности за имплементација на Акцискиот план. |

[5] Во стандардите 2 ,3, 5 и 6 се оценува исполнетоста на индикаторите за секоја студиска програма акредитирана на високообразовната установа.
6 За сите индикатори се прикажуваат информации, акти и други релевантни информации за последните пет години.
7 По потреба, покрај доставената документација, исполнетоста на наведените индикатори се проверува за време на посетата на високообразовната установа.
8 Овој индикатор ќе биде предмет на оценка по завршувањето на првата надворешна евалуација односно при следната надворешна евалуација на установата.

## Стандард 2

| СТАНДАРД 2: КРЕИРАЊЕ, ОДОБРУВАЊЕ И СЛЕДЕЊЕ НА СТУДИСКИТЕ ПРОГРАМИ | |
|---|---|
| **Индикатор** | **Документација** |
| Установата има донесен/и акт/и или правила со кој се уредува постапката за изработка и одобрување на студиските програми за прв, втор и трет циклус на студии (доколку е применливо). | Акт во кој е регулирано прашањето; |
| Содржината на студиските програми кои се изведуваат во установата е добро осмислена и опишана. Таа е релевантна за целта на програмата и постигнување на резултатите од учењето. Целите на предметите се дефинирани и усогласени со исходот на образовниот процес (learning outcome). Студиските програми се изработени во насока на непречен развој на студентот и овозможуваат студентите да се стекнат со академско знаење и вештини, вклучително и такви кои може да бидат преносливи, што значи дека може да влијаат врз нивниот личен развој и може да бидат применети во развојот на нивните идни професии. | Студиска програма (се доставуваат сите студиски програми акредитирани на прв, втор и трет циклус, доколку е применливо и кои се изведувале во последните пет години);<br>Предметни програми (силабуси) за сите студиски програми и сите предмети;<br>Опис на утврдените исходи на образовниот процес за сите студиски програми;<br>Конкретни примери и резултати, најдобри практики. |
| Студиските програми одговараат на развојните потреби на општеството и економијата. | Конкретни примери и резултати, најдобри практики;<br>Релевантни извештаи или препораки. |
| Студиските програми се изработуваат/ревидираат во соработка со студентите и другите релевантни носители на интереси (деловна заедница, државни органи и други организации). Прибраните информации се анализираат, а програмата се прилагодува со цел да се избегне нејзино застарување. Процесот создава ефикасна средина за учење и поддршка на студентите. | Конкретни примери и резултати за соработка со студентите и другите носители на интереси, најдобри практики;<br>Релевантни извештаи или препораки;<br>Записници од одржани средби со студентите и другите учесници во процесот во функција на измена на студиските програми; |
| Студиските програми користат надворешна експертиза и референци. Програмата е усогласена со најдобрите странски практики и искуства. | Предметни програми (силабуси) за сите студиски програми (со прикажана основна и дополнителна литература);<br>Листа на надворешни/странски наставници или експерти кои се вклучени во студиските програми во последните пет години.<br>Конкретни примери на усогласеност на студиските програми со најдобрите странски практики и искуства. |
| Студиските програми јасно го дефинираат целокупниот очекуван работен ангажман на студентот и вклучуваат добро структуирани надворешни активности (обуки, практична работа и други активности кои не се одвиваат во установата, но му овозможуваат на студентот да стекне искуства во областа на неговите студии). Оптоварувањето овозможува студентот да учествува во надворешни активности за време на студиите. Практичната настава е соодветно валоризирана во оптоварувањето и нејзината реализација редовно се следи. | Приказ на очекуваното оптоварување на студентите (за сите студиски програми прикажано во број на часови (настава, часови и сл.), ЕКТС и очекувано оптоварување за совладување на предметните програми);<br>Приказ за вклучувањето на практична настава во предметните односно студиските програми;<br>Извештај за реализирана практична настава и надворешни активности (обуки, практична работа и други активности кои не се одвиваат во установата, но му овозможуваат на студентот да стекне искуства во областа на неговите студии) во последните пет години за сите студиски програми. |
| Информациите за студиската програма објавени на сајтот на установата кореспондираат со официјалните записи. Информациите се објавени и на јазикот на кој се изведува програмата. | Линк до веб страна каде се објавени наведените информации.[9] |

9 Стручната комисија може да побара координаторот при АКВО да ги спореди објавените информации со официјалните записи во АКВО.

| | |
|---|---|
| Високообразовните установи ги следат и периодично да ги ревидираат своите студиски програми со цел истите ги постигнат поставените цели и да ги задоволат потребите на студентите и општествената заедница. Ревизијата е насочена кон континуирано подобрување на студиските програми. За активностите кои се планираат или се преземаат врз основа на ревизијата треба да се информираат сите засегнати учесници. | Извештаи за спроведена настава или информација за следењето на изведувањето на наставата;<br>Индикатори и заклучоци;<br>Приказ на ревидирани студиски програми во последните пет години со информации за природата на измената причините за спроведените промени и очекуваните резултати. |
| Статистичките податоци (бројот на предмети кои се реализираат, бројот на студенти, оцени, број и причини за напуштање на студиите итн.) редовно се следат и системски се анализираат. | Статистички податоци (бројот на предмети кои се реализираат, бројот на студенти, просечни оцени по предмети, број и причини за напуштање на студиите итн.) по академски години за последните пет години. |

## Стандард 3

| СТАНДАРД 3: УЧЕЊЕ, НАСТАВА И ВРЕДНУВАЊЕ НАСОЧЕНО КОН СТУДЕНТОТ | |
|---|---|
| **Индикатор** | **Документација** |
| Установата има развиен механизам кој гарантира дека програмите се изведуваат на начин со кој се мотивираат студентите да земат активно учество во креирањето на процесот на учење и дека оценувањето на студентите го отсликува овој процес. | Приказ на системот за изведување на настава на ниво на установа;<br>Акт/правила/стандарди или индикатори за квалитет во наставата;<br>Конкретни примери за активно учество на студентите во процесот на учење. |
| Установата ја почитува различноста на студентите и нивните потреби, овозможува флексибилни пристапи на учење. Се користат различни модели на реализација на настава онаму каде е тоа возможно како и мноштво на педагошки методи. | Приказ на реализацијата на наставата за секоја студиска програма одделно;<br>Опис на начините на изведување на наставата за сите студиски програми;<br>Конкретни примери за иновативни методи во изведување на наставата. |
| Установата редовно врши адаптација на начините на изведување настава. Наставата се темели на интерактивно учење и учење ориентирано кон студентот. Пристапот на учењето е фокусиран на студентот, развојот на неговите вештини и компетенции. Пристапот е интердисциплинарен, базиран на студии на случај (case study) приспособен на циклусот на студии. Студиската програма вклучува и учење базирано на проекти. | Примери на студии на случај кои се користат во наставата, реализирани проекти во наставата или други методи релевантни за студиската програма и сл.;<br>Примери/извештај за следење на наставата и постапување по слабости;<br>Примери на извршена адаптација на начините на изведување на наставата. |
| Сите кои учествуваат во оценувањето на студентите (наставници, соработници итн.), се запознаени со постојните методи на тестирање и испитување и добиваат поддршка во развивањето на сопствени вештини во ова поле; оценувањето вклучува различни формални алатки за оценување, лабораториски вежби, задачи, проекти итн. | Преглед на методите на оценување и испитување на студентите за секој предмет од студиската програми со приказ на различни формални алатки за оценување, лабораториски вежби, задачи, проекти итн. |
| Критериумите и методите на вреднување и оценување на студентите се однапред објавени и познати. | Линк до веб страна или друг документ во кој се опишани критериумите и методите на вреднување и оценување. |
| Оценувањето им овозможува на студентите да го демонстрираат степенот на постигнати резултати од учењето. Студентите добиваат повратни информации кои, по потреба се поврзани со совети за понатамошниот процесот на учење. Оценувањето се спроведува доследно и | Просечни оцени постигнати од студентите по предмет за сите студиски програми, по академска година за последните пет години (доколку е применливо);<br>Информација за начинот за доставување на повратни информации до студенти во делот на оценувањето;<br>Конкретни примери на иновативни пристапи во оценувањето; |

| | |
|---|---|
| праведно за сите студенти, во согласност со постојните процедури. Резултатите ги исполнуваат очекуваните исходи од учењето. Начинот на оценување е прилагоден на целите на предметите. Каде што е возможно, оценувањето се спроведува од страна на повеќе испитувачи. | Примери на предмети каде оценувањето се спроведува од повеќе испитувачи. |
| Во установата постои формална процедура за жалба вклучувајќи и пријава на корупција од студентите на сите видови на студии. Системот е функционален и ефикасен. | Акт во кој е регулирана постапката по жалба од студентите;<br>Акти за спречување на корупцијата на установата;<br>Приказ на поднесени жалби на студенти вклучувајќи и пријави на корупција во последните пет години со процент на позитивно и негативно решени жалби;<br>Приказ на пријави на корупција во установата. |

## Стандард 4

| СТАНДАРД 4: ЗАПИШУВАЊЕ И НАПРЕДУВАЊЕ НА СТУДЕНТИТЕ, ДИПЛОМИ И СЕРТИФИКАТИ | |
|---|---|
| **Индикатор** | **Документација** |
| Високообразовната установа соодветно ги спроведува однапред утврдените и објавени прописи кои ги покриваат сите фази на студирањето, т.е. запишувањето, напредувањето за време на студиите, дипломата и сертификатите. Прописите се јавно достапни. | Акт во кој е регулирано прашањето;<br>Линк до веб страна на објавата. |
| Установата има развиено функционална постапка и/или алатки за собирање и следење и за напредок на студентот и делува врз основа на добиените информации. | Информација за постоење на соодветни алатки за следење на напредокот на студентот;<br>Доказ дека системот е функционален. |
| Високообразовната установа има развиено постапка за признавање на периодите на студирање и претходно учење, што вклучува и признавање на неформалното и формалното учење, на студентите за време на студиите, вклучувајќи и за време на мобилноста на студентите. | Акт во кој е регулирано прашањето;<br>Листа на студенти на кои им е признато неформалното и формалното учење вклучувајќи и за време на мобилноста, за последните пет години. |
| По завршувањето на студиите, студентите добиваат документација која ја појаснува стекнатата квалификација, компетенции и резултати од учењето, степенот, содржината и статусот на успешно завршените студии. Документација е јасна, разбирлива и сеопфатна. | Диплома, уверение и додаток на диплома |

## Стандард 5

| СТАНДАРД 5: НАСТАВЕН КАДАР[10] | |
|---|---|
| **Индикатор** | **Документација** |
| Високообразовната установа обезбедува компетентен наставен кадар за реализација на студиските програми. Квалификациите на наставниот кадар вклучен во | Биографии на ангажираниот наставен кадар на сите студиски програми во Europass формат (со информации за последните пет години, информации за профилот вклучувајќи завршени циклуси на студии и стекнато звање, податоци за остварена научноистражувачка работа и резултати);<br>Одлуки за избор во звање; |

10 Се однесува на лицата избрани во наставно-научни, наставно-стручни, научни, наставни и соработнички звања, кои вршат високообразовна дејност.

| | |
|---|---|
| изведувањето на студиските програми се соодветни на профилот и концептот на студиите како и на предвидените наставни предмети. | Преглед на предмети кои кадарот го предавал во изминатите пет години на сите циклуси на студии на установата (прикажан поединечно и по азбучен ред на презимето на вработеното/ангажираното лице). |
| Објавените трудови на наставниот кадар во референтни научните публикации во последните 5 години се релевантни и придонесуваат во развојот на квалитетни студии односно научната област. | Преглед на бројот на објавени трудови во референтни научни публикации (согласно чл.2.т.21.од ЗВО) на наставниот кадар во последните пет години прикажан групиран по категории предвидени во чл. 2. т.21 (А-Ѓ) од ЗВО. За секоја категорија се презентираат резултатите по азбучен ред на презимето на вработеното/ангажираното лице како и вкупниот број трудови за високообразовната установа;<br>Листа на објавени трудови во референтни научни публикации со линк до публикацијата/трудот. |
| Оптоварувањето на кадарот во делот на наставата е балансирано. Наставниот кадар се ангажира согласно законските одредби. Бројот на часови на наставниот кадар на годишно ниво е соодветен за реализација на квалитетна настава | Преглед на бројот на одржаните часови на наставниот кадар и предметите кои ги предавале на сите циклуси на студии (прикажан поединечно и по азбучен ред на презимето на вработеното/ангажираното лице за сите циклуси на студии (прв, втор и трет циклус на студии, доколку е применливо). Се води сметка за примената за чл.161 ст. 9 и 10 од ЗВО.[11];<br>Одлуки за распоред на работи и работни задачи за сите циклуси на студии во последните пет години;<br>Извештаи за спроведена настава за сите циклуси на студии во последните пет години (доколку е применливо);<br>Доказ дека на установата има најмалку 10 лица во наставно-научни звања во работен однос со полно работно време. |
| Високообразовната установа има јасни, транспарентни и праведни процеси на вработување, преку услови за работа со кои се препознава важноста од наставната работа. Процесот се базира на академските квалификации и заслуги и нуди еднакви можности за сите кандидати. Праксата на установата кореспондира со утврдените критериуми. | Акт на установата (на пример, Правилник за избор во наставно – научни звања кој се применува или друг акт во кој е регулирана постапката и критериумите за избор во наставно-научни, наставно-стручни, научни, наставни и соработнички звања);<br>Преглед на лица избрани во наставно-научни, наставно-стручни, научни, наставни и соработнички звања (со преглед на број на пријавени кандидати, број на избрани кандидати и број на лицата кои не се избрани за сите конкурси во последните пет години).<br>Линк до Билтен во кои се објавени рецензии за избор на наставниот кадар со број на страна. |
| Установата има развиено постапка за обезбедување на соодветни работни услови за наставниот кадар. Кадарот располага со соодветна информатичка опрема, пристап до релевантни електронски бази од областа/студиската програма, соодветни просторни услови како и други ресурси релевантни за нивната работа. | Акт на установата или друг акт во кој е регулирано обезбедувањето на соодветни работни услови за наставниот кадар;<br>Попис на функционална информатичка, лабораториска и др. вид на опрема во установата;<br>Попис на информатичка, лабораториска и др. вид на опрема во установата, обезбедена во последните пет години (со вредност на опремата и изворот на финансирање);<br>Преглед на релевантни електронски бази од областа/студиската програма до кои е обезбеден пристап во установата;<br>Преглед и опис на просторни услови за реализација на студиските програми. |
| Установата нуди можности за професионален развој на наставниот кадар и постојано да го мотивира; редовно организира обуки/тренинзи за наставниот кадар во функција на развој на проактивни и иновативни методи за настава, за нивните педагошки и технички вештини Установата редовно ги следи техничките вештини на наставниот кадар. | Акт на установата или друг акт во кој е регулиран професионалниот развој на наставниот кадар.<br>Листа на обуки/тренинзи за наставниот кадар во функција на развој на проактивни и иновативни методи за настава реализирани во последните пет години и финансирани од установата со листа на учесници и програма;<br>Листа на обуки обуки/тренинзи за наставниот кадар во функција на развој на проактивни и иновативни методи за настава реализирани во последните пет години финансирани од други установи/институции/организации со листа на учесници и програма .<br>Конкретни примери и резултати, најдобри практики на мотивирање на наставниот кадар во последните пет години;<br>Извештај/анализа за техничките вештини на наставниот кадар (доколку е применливо). |
| Установата ангажира визитинг наставници, афирмирани научници, уметници и стручњаци од практиката | Листа на визитинг наставници, афирмирани научници, уметници и стручњаци од практиката од земјата и странство во рамките на реализацијата на студиската програма (тип на ангажман, област/предмет и период) за последните пет години; |

11 Лицето избрано во наставно-научно и наставно звање во текот на еден семестар од учебната година може да врши предавање по најмногу четири наставни предмети на прв циклус на студии, на еден или на повеќе универзитети и најмногу четири наставни предмети на втор циклус на студии, на еден или на повеќе универзитети.

| | |
|---|---|
| од земјата и странство во рамките на реализацијата на студиската програма. Нивниот профил е релевантен за студиската програма и носи додадена вредност. | Биографии на ангажираните визитинг наставници, афирмирани научници, уметници и стручњаци од практиката од земјата и странство во рамките на реализацијата на студиската програма на сите студиски програми (Europass формат). |
| Се поттикнува научна работа со цел да се зајакне поврзаноста меѓу наставата и науката. Системот добро функционира и е ефикасен. | Конкретни примери и резултати, најдобри практики. |
| Високообразовната установа поттикнува иновации во наставните методи и во користењето нови технологии. | Конкретни примери и резултати за воведени иновации во наставните методи и во користењето нови технологии. |
| Установата има востановен систем на академски интегритет и спречување на плагијаризам. | Акт на установата за или друг акт во кој е регулиран индикаторот;<br>Извештаи за спроведена проверка преку системот на плагијати за учебници, учебни помагала или научни трудови објавени од установата (извештаи за најмалку 5% од објавените публикации во последните пет години). |
| Установата има политика/документ/ акт за научноистражувачка работа. Индикаторите за научноистражу-вачката работа се утврдени и редовно се следат. | Акт на установата за или друг акт во кој е регулирана научноистражувачката работа и/или се утврдени индикаторите за научноистражувачката работа.<br>Извештај/анализа за исполнување на индикаторите за научноистражувачката работа (доколку е применливо). |
| Научноистражувачката работа кореспондира со локалните, регионалните и/или националните развојни цели како и социо-економскиот и културниот контекст. Ефектот од научноистражувачката работа на локалните, регионалните и/или националните развојни цели редовно се следи, врз основа на кој се вршат соодветни подобрувања. | Конкретни примери и резултати, најдобри практики;<br>Релевантни извештаи или препораки |

## Стандард 6

| СТАНДАРД 6: РЕСУРСИ ЗА УЧЕЊЕ И ПОДДРШКА НА СТУДЕНТИТЕ | |
|---|---|
| **Индикатор** | **Документација** |
| Установата обезбедува соодветно финансирање на активностите за учење и настава и на тој начин овозможува соодветни и лесно достапни ресурси за учење и поддршка на студентите. Системот за финансирање на установата односно студиските програми е ефикасен и се базира на потребите на студентите. Установата располага со систем за финансирање на научноистражувачка дејност кој сеопфатен и ефикасен. | Финансиски план од претходните пет години<br>Финансиски извештаи од претходните пет години<br>Приказ на финансирање на научноистражувачката дејност (со наведен процент од вкупните/сопствените приходи кој се издвојува за научноистражувачка работа ) |
| Техничките ресурси на установата (библиотеки, лаборатории, простории за работа, информатичка опрема и др.) се соодветни за реализација на студиската програма. Студентите и наставниот кадар вклучувајќи ги и лицата со посебни потреби имаат пристап до сите ресурси. Установата располага со соодветна инфраструктура за учење на далечина. Техничките ресурси се предмет на редовен мониторинг во установата. | Вкупна површина (во сопственост и изнајмен простор) со површина на објектите (амфитеатри, училници, лаборатории, организациони единици, служби);<br>Попис на функционална информатичка опрема наменета исклучиво за студентите;<br>Попис на библиотечен фонд на установата како и попис на библиотечен фонд, набавен во последните пет години (се оценува релевантноста на библиотечниот фонд за секоја студиска програма);<br>Попис на информатички ресурси за учење на далечина;<br>Информација за ресурси достапни на лицата со посебни потреби;<br>Информација за мониторинг на техничките ресурси во установата. |
| Работата на помошните/административните служби е соодветно организирана и е во функција | Приказ на можностите кои постојат во рамките на помошните/административните служби за потребите на различната |

| | |
|---|---|
| на внатрешното обезбедување на квалитет. Службите во својата работа ги земаат предвид флексибилните начини на учење и настава како и потребите на различната студентска популација (на пример, студентите постари од 25 години, вонредните и вработените студенти, студентите од странство и студентите со посебни потреби). Бројот на вработени помошните/административните служби и нивниот профил е соодветен за бројот на студенти на сите видови на студии. Помошниот и административен кадар има можност за развој на сопствените компетенции. | студентска популација студентите постари од 25 години, вонредните и вработените студенти, студентите од странство и студентите со посебни потреби;<br>Приказ на број на вработени и нивниот профил во помошните/административните служби;<br>Листа на вработени во помошниот и административниот кадар кои посетувале обука за развој на сопствените компетенции во изминатите пет години (со наведен период). |
| Установата го поттикнува вклучувањето на студентите во научноистражувачки проекти на сите циклуси на студии. | Листа на студенти кои биле ангажирани во научноистражувачки проект на сите циклуси на студии во изминатите пет години (со назив на проектот, имплементатор на проектот, информација за финансирање и линк до резултатите од проектот);<br>Процент на студенти вклучени во научноистражувачки проекти во однос на вкупниот број на студенти по циклуси на студии. |
| Студентите имаат на располагање специфични форми на поддршка вклучувајќи: советник за академски развој кој го следи нивниот развој, дава поддршка за планирање на кариерата и други академски предизвици и/или функционален Центар за кариера, менторски сесии, психолошка поддршка и др. | Приказ на специфични форми на поддршка на студентите во установата;<br>Број на студенти кои користеле специфични форми на поддршка во последните пет години;<br>Приказ на услуги на Центар за кариера и спроведени активности во последните пет години;<br>Број на студенти кои следеле обука/тренинг/пракса или друг вид на поддршка преку Центарот за кариера во последните пет години. |
| Установата има функционален систем за следење на членовите на Алумни заедницата. Алумни заедницата е вклучена во развојните планови на установата. Установата организира редовни настани и/или иницијативи преку кои се одржува контактот со завршените студенти. | Приказ на системот за следење на Алумни заедницата (доколку е применливо);<br>Број на членови на Алумни заедницата регистрирани во системот (доколку е применливо);<br>Приказ на активности со Алумни заедницата во последните пет години;<br>Доказ дека системот е функционален. |
| Студентите активно учествуваат во управувањето на установата. Во рамките на установата функционира студентско собрание и студентски правобранител односно негов заменик. Установата ги поддржува општествените, културните и спортските активности на студентите. Таа им овозможува простории, поддршка како и годишен буџет. | Акт во кој е регулирано прашањето за учеството на студентите во управувањето;<br>Приказ на учеството на студентите во органите на високообразовната установа (со релевантни показатели);<br>Одлука за избор на членови на Студентско собрание и извештај од последните спроведени избори;<br>Одлука за избор на студентски правобранител односно негов заменик;<br>Приказ на поддржани општествени, културни и спортски активности на студенти од страна на установата (наведен со назив на активност, временски период буџет) за последните пет години. |
| Студентите се запознаени со услугите и можностите кои им стојат на располагање. | Приказ за начинот на кој студентите се запознаваат со услугите и можностите кои има стојат на располагање;<br>Промотивни материјали, публикации или линк до објави на веб страна. |

## Стандард 7

| СТАНДАРД 7: УПРАВУВАЊЕ СО ИНФОРМАЦИИ | |
|---|---|
| Индикатор | Документација |
| Високообразовната установа редовно прибира, анализира и користи информации кои се важни за успешно спроведување на студиските програми и другите активности. Преку ефикасен процес на собирање и анализа на податоци за студиските програми и другите активности, податоците се внесуваат во внатрешниот систем за обезбедување квалитет. | Опис и приказ на системот за прибирање и обработка на информации<br>Акт за регулирање (доколку е применливо)<br>Доказ дека системот е функционален. |
| Информациите кои се прибираат се релевантни за профилот на установата односно студиските | Приказ на податоци кои се прибираат и начинот на анализа од прибраните податоци; |

| | |
|---|---|
| програми и вклучуваат: клучните показатели на успехот; профилот на студентската популација; напредокот на студентите, успехот и стапката на отпишување на студентите; степен на исполнетост на очекувањата од студиските програми од страна на студентите; ресурсите за учење и поддршката кои се достапни на студентите, податоците за вработување на дипломираните студенти и нивните кариери итн. Студентите и вработените се вклучени во процесите на обезбедување и анализа на податоците како и во планирањето на активностите кои произлегуваат од нив. | Конкретни примери на вклучување на студентите и вработени во процесот; Конкретни примери на ползување на информациите обезбедени во процесот. |
| Установата води регистар на значајни настани, активности и процеси. Податоците се собираат, анализираат и се користат потребите на стратешкиот менаџмент на установата. | Информација за значајни настани, активности и процеси. |
| Безбедноста на информациите (во печатена и електронска форма) особено на информациите поврзани со податоците на студентите, резултатите од испитите, дискусијата на дигиталните платформи итн. е заштитена. Установата соодветно ги штити личните податоци на сите засегнати страни. | Акт на установата;<br>Опис на практиката за заштита на личните податоци;<br>Други релевантни документи или политики на установата. |

## Стандард 8

| СТАНДАРД 8: ИНФОРМИРАЊЕ НА ЈАВНОСТА | |
|---|---|
| **Индикатор** | **Документација** |
| Високообразовната установа редовно објавува податоци за своите активности и за студиските програми. Информациите објавени на веб страната и другите медиуми (печатени, социјални медиуми) на установата се точни, јасни, прецизни, објективни, ажурирани и лесно достапни. Установата редовно учествува или организира саеми на кои ги презентира своите активности и студиски програми. Информациите кои се однесуваат на активностите на високообразовните установи се корисни за потенцијалните и за тековните студенти, како и за поранешните студенти, други лица и јавноста. | Линк до објави или достава на печатени материјали преку кои се објавуваат активности на установата;<br>Извештај за спроведени активности, прес клипинг или друг релевантен приказ за присуството во медиумите;<br>Извештај за учество или организација на саем/и;<br>Други релевантни материјали или конкретни примери. |
| Високообразовната установа има објавено податоци за своите активности, вклучително и информации за студиските програми кои ги реализираат, критериумите за упис, предвидените цели од учењето, квалификациите со кои студентот се стекнува како резултат на учењето, постапките кои се применуваат во наставата, учењето и оценувањето, стапките на проодност и условите за учење кои им се на располагање на студентите, информациите за потенцијално вработување на дипломираните студенти како и документите предвидени во член 21 став 3 од Законот за високо образование. | Линк до наведените елементи во индикатори;<br>Линкови до документите предвидени во член 21 став 3 од ЗВО: Статутот на единицата (со сите измени и дополнувања) и другите акти со кои се уредуваат внатрешните односи; 2. Решението за акредитација на секоја студиска програма одделно и решение за почеток со работа за секоја студиска програма одделно; 3. Актот за систематизација; 4. Деловникот за работа на наставно-научниот, односно научниот совет; 5. Правилникот за плати и надоместоци на единицата; 6. Извештај и одлука за последен избор во звање за секој наставник и соработник објавен во Билтенот, 7. Распоредот на работни задачи за тековната учебна година, 8. Завршна сметка, 9. Годишен извештај, 10. Прифатени теми за изработка на магистерски трудови; 11. Прифатени теми за изработка на докторски трудови; 12. Акти кои ги носи единицата согласно други закони и 13. Етичкиот кодекс. |
| Клучните исходи од учењето и од научноистражувачката работа се објавуваат на веб страната на установата. На пример, пред | Линк до релевантни објави на веб страната на установата поврзани со исходите од учењето или научноистражувачката работа;<br>Линк до објавени докторски дисертации и други релевантни исходи од |

| | |
|---|---|
| одбрана на докторската дисертација, истата задолжително се објавува на веб страната на високообразовната установа на која се изведува третиот циклус на студии (доколку е применливо). | учењето (доколку е променливо). |

## Стандард 9

| СТАНДАРД 9: МЕЃУНАРОДНА СОРАБОТКА И ИНТЕРНАЦИОНАЛИЗАЦИЈА | |
|---|---|
| **Индикатор** | **Документација** |
| Студентите активно ги користат можностите за мобилност на студентите. Мобилноста е соодветно вреднувана и признаена. | Број и листа на студенти кои користеле мобилност прикажани по студиски програми во последните пет години за сите циклуси на студии (со приказ на период на мобилност, институција – домаќин, студиска програма) вклучувајќи мобилност преку програмата Еразмус+;<br>Процент на студенти кои користеле мобилност како дел од вкупниот број на студенти (за последните пет академски години, за сите циклуси на студии);<br>Информација за практиката на соодветно вреднување и признавање на мобилноста на студентите (акт/и или конкретни примери). |
| Установата има развиено политика за меѓународна соработка и интернационализација. Таа има утврдено индикатори за исполнување на приоритетите на меѓународната соработка и интернационализација. Овие индикатори редовно се следат.<br>Определено е посебно тело надлежно за меѓународната соработка и интернационали-зација во рамките на установата. | Акт/политика за меѓународна соработка и интернационализација;<br>Индикатори за исполнување на приоритетите на меѓународната соработка и интернационализација;<br>Извештај од следење на индикаторите за исполнување на приоритетите на меѓународната соработка;<br>Акт за формирање на посебно тело надлежно за меѓународна соработка и интернационализација;<br>Записници од одржани седници или друг документ кој покажува дека телото е функционално (годишен план, извештај од спроведени активности итн). |
| Установата има на располагање соодветни финансиски ресурси за реализација на меѓународна соработка. За потребите на меѓународната соработка установата одвојува финансиски ресурси од сопствените приходи, но и користи средства од националниот буџет, странски донатори и програми, локалната самоуправа итн. | Преглед на планирани и искористени финансиски средства за меѓународна соработка на установата во последните пет години со приказ на изворот на финансирање (буџет, сопствени приходи итн.). |
| Установата соработува со други институции во земјата и странство во функција на реализација на студиските програми. Реализира заеднички проекти со странски универзитети (конференции, мобилност и други соработки), а резултатите од тие проекти се релевантни за студиските програми. Установата реализира заеднички програми со странски универзитети. | Листа на договори за меѓународна соработка вклучувајќи и за програмата Еразмус+;<br>Приказ на конкретни соработки (конференции, мобилност и други соработки) со други институции во земјата и странство (приказ за последните пет години со опис на соработката и релевантноста за студиските програми);<br>Број и листа на наставен кадар кој учествувал во формите на меѓународна соработка (прикажан по години за последните пет години);<br>Информација за реализација на заеднички програми со странски универзитети. |
| Установата има востановено систем за привлекување на наставници и студенти од странство. Странски професори редовно се вклучуваат во наставата, ангажирани се како ментори или членови на комисии за оценка на магистерски и докторски трудови итн. Бројот на странски студенти се зголемува. | Листа на наставници од странство кои изведуваат настава или се вклучени во наставата (со информација за обемот на учеството во наставата, периодот и матичната високообразовна установа);<br>Листа на наставници од странство вклучени како ментори или членови на комисии за оцена/одбрана на магистерски и докторски трудови;<br>Број на запишани странски студенти по студиски програма за сите циклуси на студии во изминатите пет години. |